# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИПАРД ПРОГРАМА 2007-2013

**за период 1 јануари 2015-31 декември 2015**

(Во согласност со член 68 од Секторската спогодба)

CCI No: 2007MK06IPO 001

Јуни, 2016

Содржина

ВОВЕД ..... 2
РЕЗИМЕ ..... 3
ГЛАВА 1:Промени во општите услови во Република Македонија ..... 6
1.1. Институционални и политичка рамка ..... 6
1.2. Развој на макроекономската ситуација ..... 6
1.3. Демографска ситуација ..... 8
1.4. Измени во Националната политика ..... 9
ГЛАВА 2: Напредокот во спроведувањето на ИПАРД Програмата ..... 17
2.1 Резиме на стратешка рамка на ИПАРД Програмата 2007-2013 ..... 17
2.2: Резиме на спроведување на договорите за 2015 ..... 21
2.3: Квалитативна анализа на постигнатиот напредок по приоритетни оски и мерки ..... 22
2.3.1. МЕРКА 101 – Инвстиции во земјоделски стопанства ..... 22
2.3.2. МЕРКА 103 – Инвестиции во преработка и маркетинг ..... 26
2.3.3. МЕРКА 302 – Диверзификација на рурална економија ..... 30
2.4. Финансиски трошоци по ИПАРД мерки ..... 34
2.5 Финансиско спроведување во текот на 2015 година ..... 36
2.6. Географска анализа ..... 37
ГЛАВА 3: Активности за подобрување на квалитетот и ефикасноста ..... 43
3.1. Мониторинг,програмирање и евалуација ..... 43
3.1.2 Модификација на програмата ..... 43
3.1.3 Проценка на ИПАРД Програмата ..... 44
3.1.4 Искористување на техничка помош ..... 44
3.2 Проблеми при имплементација и превземени активности ..... 46
3.2.1 Идентификувани фактори за ниска апсорпција ..... 46
3.2.3 Анализа за причините за одбивање на барањате ..... 48
3.2.3 Статус и активности превземени од страна на НАО и НФ за подобрување на функционирањето на системот ..... 51
3.6. Работа на Мониторинг Комитетот ..... 60
3.7 Превземени активности за публицитет и информации ..... 61

**4. Заклучоци** ... 63
Прилог 1: ... 65
Прилог 2: ... 72
Прилог 3: ... 72
Прилог 4: ... 73

# ВОВЕД

| | |
|---|---|
| **Програма** | ИПА за земјоделство и рурален развој (ИПАРД) |
| **Код на земјата** | МК |
| **Програмски период** | 2007-2013 |
| **ИД број на програмата** | 2007MK06IPO 001 |
| **Наслов на Програмата** | НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ |
| **Годишен извештај за спроведување** | 2015 |
| **Период** | Од 1ви јануари до 31 декември, 2015 |
| **Датум на одобрување од Комитетот за следење** | 30. 06. 2016 |

Ова е шестиот годишен извештај за спроведување, кој се изготвува согласно Националната Програма за земјоделство и рурален развој во рамките на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој, за програмскиот период 2007-2013 година (во понатамошниот текст "ИПАРД Програмата") и ја опфаќа календарската 2015 година.

Овој извештај е изготвен во согласност со одредбите од член 68 од Секторската спогодба (СА) меѓу Владата на Република Македонија и Европската Комисија, ратификувана со Закон и објавена во Службен весник бр.165 од 30.12. 2008.

Овој извештај е изготвен од Телото за управување со ИПАРД фондови при МЗШВ, врз основа на податоци добиени преку систмот за следење (во понатамошен текст "Мониторинг систем"), во соработка со ИПАРД Агенцијата и Министерството за финансии.

Како дел од својата надлежност Комитетот за следење (МК) ги разгледува и одобрува годишните извештаи за спроведувањето пред нивното поднесување до Европската комисија. На 29 ти јуни 2016 извештајот беше усвоен од страна на МК.

# РЕЗИМЕ

ИПАРД Програмата 2007-2013, како основа за спроведување на Регулативата на Советот(ЕК) за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) бр 1085/2006 од 17 јули 2006 година, е одобрена со решение С (2008) 677 на Комисијата 25.02.2008.

На почетокот на спроведување на ИПАРД Програмата и претходи предавањето на управувањето со помошта од страна на Европската комисија, која беше доделена на релевантните институции преку одлука на Комисијата бр С2009 / 987 / ЕУ на 18.12.2009 за Мерка 101- Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Заедницата, Мерка 103- Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и да се надградат до стандардите на ЕУ и Мерка 302- Диверзификација и развој на руралните економски активности.

На сите дванаесет јавни повици се поднесени 3.087 барања со кои се побарани 78,2 милиони евра за кофинансирање.

Вкупно 725 договори се склучени во мерката М101, со износ од € 7.675.622, од кои 5.756.717€ се ЕУ средства; 57 договори се склучени во мерка М103, со износ 7.076.638€, од кои 5.307.478€ се ЕУ средства и 28 договори се склучени во мерка М302, со износ од 1.942.342 €, од кои 1.456.758 се ЕУ средства.

Вкупно 452 договори беа исплатени во износ од € 6.405.979. Во мерка М101 се исплатени 424 договори со вкупен износ од 3.429.923€, од кои 2.572.443€ се ЕУ срдства. 25 договори се платени во мерка М103 со вкупен износ од 2.870.516€, од кои 2.152.887€ се ЕУ средства. Според мерка М302, 3 проекти се исплатени во износ од 105.540€, од кои 79.155 € се од фондовите на ЕУ.

Вкупно 105 договори беа раскинати од страна на ИПАРД Агенцијата или од страна на самите корисници (75 во мерката М101, 21 во мерката М103, 9 во мерка М302), со вкупен износ од 4.245.044€, од кои 3.183€. 783 се ЕУ средства. Вкупно 253 проекти се во фаза на имплементација, со вкупните јавни расходи во износ од 4.158.521€.

Најголем дел од вкупно поднесени барања се од регионот на Пелагонија (1292), по кој следи Вардарскиот регион (676), Источниот (321) и Југоисточниот (312). Пелагонија исто така има најголем број на одобрени барања (356), проследено со Вардар (220), Југоисточниот (85) и Источниот (76).

Поголемиот дел од исплатените договори се од Пелагонискиот регион (241) со ВЈТ од 2.192.890€, следи Источниот (39) со ВЈТ 1.324.125€, Вардарскиот (113) со ВЈТ 996,929€ и Југоисточниот регион (34) со ВЈТ 910.451 €.

ИПАРД Агенцијата објави два јавни повика во 2015, единаесетиот јавен повик (01/2015) беше објавен на 21.03.2015 (затворен на 05.05.2015) и дванаесетиот јавен повик (02/2015) беше објавен на 01.08.2015 (затворен на15.9.2014) .

На последните два јавни повици примени се најголем број на барања од почетокот на спроведувањето на програмата (1254 вкупно). Зголемениот интерес делумно се должи на зголемената стапка на кофинансирање во М101 од 50% до 75% за инвестиции во региони погодени од поплавите. Зголемено кофинансирање беше вклучено со седмата модификација на ИПАРД Програмата 2007-2013.
Оваа модификација на ИПАРД Програмата 2007- 2013 е одобрена со Одлуката на Комисијата C (2015) 9330 на 11.12.2015.

Процесот на акредитација на мерката 501- Техничка помош е завршен. Пренесување на правото за управување со средствата од под М 501- Техничка помош е доделена од страна на Европската комисија во Република Македонија во септември 2015 година со одлука на Комисијата C (2015) 6215.

Во текот на 2015 година, ИПАРД Агенцијата ги бележеше и обработуваше сите податоци паралелно во Excel и во SAP софтверот како и во хартиена форма. САП софтверот е во пробна фаза, период кога се испитува неговата функционалност и истиот ќе биде доставен на акредитација, како дел од акредитациониот пакет за ИПАРД 2014-2020.

Во периодот на известување, се одржаа два Мониторинг Комитети за следење на ИПАРД Програмата, 16$^{от}$ се одржа на 7.7.2015 и 17$^{от}$ на 17.2.2016.

Проблемите во 2015 година се продолжение на претходните години. Тие главно се однесуваат на недостигот на пред-финансирање од страна на потенцијалните корисници, лош квалитет на барања, проблеми со сопственоста на земјиштето и градежни дозволи и долга процедура за одобрување на проекти од страна на ИПАРД Агенцијата. Во 2015година, во согласност со член 36 од Секторската спогодба и n + 3 правилото износот за поврат на средства од 2011 година изнесуваше €15.636,043.62.

Голем број на активности се реализирани во 2015 година, со цел да се одговори на некои од горенаведените предизвици, како што е формирање на гарантен фонд за ИПАРД, поголема промоција на можностите кои ги нуди ИПАРД и обуки во АПРЗ, промени во правните акти на земјишна политика и легализација на фарма со кои се очекува да допринесат до зголемување на апсорпција на средствата од ИПАРД програмата.

# ЛИСТА НА АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| АППРМ | Агенција за потикнување на претприемништво на РМ |
| АД | Акцинонерско Друштво |
| Чл. | Член |
| БП | Бизнис План |
| ДГ Агри | Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој |
| ЕК | Европска Комисија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ФР | Фарм Регистар |
| БДП | Бруто домашниот производ |
| БДВ | Бруто-додадена вредност |
| ха | хектар |
| ИПАРД | Инструмент за предпристапна помош за рурален развој |
| ИПАРД Агенција | Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој |
| М 101 | Инвестиции на земјоделските стопанства |
| М 103 | Инвестиции во преработка и маркетинг |
| М 302 | Рурална дивезификација |
| М 501 | Техничка помош |
| ТУ | Тело за управување |
| ПГФД | Повеќе годошен финансиски договор |
| ПГФР | Повеќе годишна финансиска рамка |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство |
| КС | Комитет за следење |
| ПГИПД | Повеќе годишен индикативен плански документ |
| МФ | Министерство за финансии |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| НКА | Национален координатор за авторизација |
| НБРМ | Национална Банка на Република Македонија |
| НВО | Невладини организации |
| НФ | Национален фонд |
| Бр. | Број |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| СА | Секторска спогодба |
| ДЗИ | Државен земјоделски инспекторат |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ВЈТ | Вкупно јавни трошоци |
| ТПП | Технички предлог проект |
| УКСП ИПАРД | Управувачки Комитет за следење на ИПАРД |

# ГЛАВА 1:Промени во општите услови во Република Македонија

## 1.1. Институционални и политичка рамка

Република Македонија продолжува да ја засилува пазарна економија и да ги спроведува планираните реформи од претходниот период. По изборите во 2014 година, кои не донесоа значајни промени во управувањето со земјата, новата влада продолжи по патот на европските интеграции како стратешка цел, преку спроведување на реформите, привлекувањето странски инвестиции и намалување на невработеноста.

Сепак, во периодот на известување, во земјата доминираше политичка криза. Политичките партии, со посредство на Европската комисија и членови на Европскиот парламент, склучија договор за надминување на институционалните недостатоци и надминување на кризата. Имплементација на овој договор е во тек. Економските последици од кризата допрва ќе се анализираат.

Во ноември 2015 година, Комисијата го објави својот редовен Извештај за напредокот на Република Македонија во кој се наведува дека се преземени значајни чекори за решавање на главните прашања кои се однесуваат на имплементацијата на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД), каде што, и покрај зголемениот број на барања , 15,6 милиони евра се вратени како неискористени во буџетот на ЕУ во 2014 година. Административниот капацитет на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е зајакната и исто така постигнат е напредок во акредитација на нови мерки во ИПАРД Програмата. Новата ИПАРД Програмата 2014-2020 е одобрена во јануари 2015 година.

| |
|---|
| Нема значајни промени во однос на политичката и институционална рамка кои би влијаеле на спроведувањето на ИПАРД Програмата. |

## 1.2. Развој на макроекономската ситуација

Податоците и извештаите публикувани од релевантните институции, покажуваат дека економијата и натаму следи патека на постепено заздравување, меѓутоа темпото на раст повторно се оценува како незадоволително, при зголемена политичка неизвесност и нагласени геополитички ризици. БДП забележува највисоко остварување во 2015 година, така што стапката на реален раст на БДП во 2015 година изнесува 3,7%, што се највисоки вредности во изминативе 6 години. Динарот и понатаму останива стабилен додека пак невработеноста паѓа на 26,1%.

**Табела 1:** Макроекономски показатели

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015[1] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП мил.€ (тековен девизен курс) | 6.767 | 7.109 | 7.554 | 7.585 | 8 112* | 8.533 | 9.092 |
| БДП (по жител во €) | 3.300 | 3.459 | 3.665 | 3.680 | 3.930* | 4.220 | 4.392 |
| БДП реална стапка на пораст (во %) | -0,4 | 3,4 | 2,3 | -0,5 | 2,7* | 3,8 | 3.7 |
| Инфлација (во %) | -1,6 | 3,0 | 2,8 | 4,7 | 1,4 | -0,4 | -0.3 |
| Среден курс (денар/€) | 61,27 | 61,51 | 61,53 | 61,53 | 61,58 | 61,62 | 61.61 |
| Невработеност (во %) | 32,2 | 32 | 31,4 | 31,0 | 29 | 28 | 26.1 |
| Извоз на стоки и услуги во мил. € | 2.143,6 | 2.728,8 | 3.441,3 | 3.374,0 | 3.529,7 | 4.057,0 | 4.410,9 |
| Увозот на стоки и услуги во мил. € | 3.680,8 | 4.128,8 | 4.987,0 | 5.072,5 | 5.018,1 | 5.554,3 | 5.893,9 |
| Биланс на трговијата во мил. € | -1.699,8 | -1.602,2 | -1.838,0 | -1.946,7 | -1.748,1 | -1.762,0 | -1.725,7 |
| Биланс на трговијата во % од БДП | -25,3% | -23,5% | -24,5% | -25,9% | -21,4% | -20,7% | -19% |

Извор : ДЗС и НБРМ

Индустриското производство во декември 2015 година забележа раст од 10,5% на годишно ниво, со што продолжи периодот на висок раст на производството.




Притоа, раст е забележан во сите сектори, и тоа: снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 12,1%, Преработувачка индустрија од 11,7% и Рударство и вадење камен од 4,9%.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во декември 2015 година има Производството на тутунски производи (2,6 п.п.), а најголем негативен придонес Производството на облека (1,1 п.п.).

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во декември 2015 година забележа раст од 1,7 %.

[1] Податоците се проценки врз основа на реални податоци

## *Инфлација*

Потрошувачките цени во декември 2015 година се намалија за 0,3% на годишна основа, по падот од 0,3% регистриран претходниот месец. На месечно ниво, потрошувачките цени во декември 2015 година се намалија за 0,1%. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - декември 2015 година изнесува -0,3%.




Цените на мало во декември 2015 година во однос на декември 2014 година се намалени за 0,4%, додека споредено со претходниот месец се повисоки за 0,1%. Цените на мало во периодот јануари - декември 2015 година се намалени за 1,3%.

### 1.3. Демографска ситуација

## *Популација*

Според последните истражувања, проценето е дека во Република Мкаедонија, на крајот на 2014 живеат 2 069 172 жители.

Демографските показатели на регионално ниво покажуваат разлики кои укажуваат на диспропорции во територијалната дистрибуција на населението. Како најгусто населен Скопскиот регион, има речиси десет пати поголема густина на населеност од најретко населениот, Вардарскиот регион. Овој регион заедно со Југоисточниот, Полошкиот и Северноисточен бележат пораст на населението, но за разлика од нив Скопскиот регион има три пати поголема стапка на раст.

Население во Република македонија на 30.06.2014 година според петогодишни групи на возраст, по пол:




Извор : ДЗС(2015)

Разликите се евидентни и во старосната структура на населението. Во Скопскиот, Полошкиот и во Североисточниот регион, младото население (0-14 години) учествува со околу 18% во вкупното население, додека во Пелагонискиот и Источниот регион младото население (0-14 години) учествува со околу 15%. И показателите за просечната старост на населението ја потврдуваат ваквата констатација.

Разликите се гледаат и во бројот на родените и умрените лица. Во Вардарскиот, Источниот и Пелагонискиот регион, како резултат на неповолната старосна структура и нискиот фертилитет, бројот на умрените го надминува бројот на родените.

Структура на населението по возрасни групи, 2014




Извор : ДЗС(2015)

## 1.4. Измени во Националната политика

***Управување со земјоделското земјиште***

Во овој Закон, во 2015 направени се четири измни (С.В. 72/15,98/15,154/15 и 215/15). Со овие измени, во законот се дава можност за склучување на договор за закуп на државни површини под оранжерии, под помошни објекти и објекти за примарна обработка на земјоделски производи. Во согласност со измените, беше објавен оглас во време траење од 30 дена, со кој им се даде можност на сопствениците на земјодеслки објекти, изградени на државно земјиште, да склучат договори за закуп на земјиште под истите и дворно место околу објектите. Во тек е склучување на десетина договори за вакви објекти.

Со измена на член во овој закон дадена е можност, ако за прв пат се донесува Урбанистички план за село, да нема потребата за водење постапка за трајна пренамена од земјоделско во градежно земјиште и онаму каде што е потребна трајна пренамена, постапката да се вршеи по електронски пат преку е-урбанизам, со што прилично се олеснува оваа постапка.

Исто така, покрај високо образовните институции, сега им е дадена можност и на средните училишта да поднесат барање и склучат договори за користење на државно земјоделско земјиште за едукација и практична настава.

Измените го опфаќаат и процесот на огласување на земјиште, аплицирање (документација, банкарска гаранција, почетна цена и т.н.),воведување во владение и сл. Покрај горенаведеното измените се и во насока на усогласување со Законот за ОУП и Закон за прекршоци.

***Политика за земјоделство и рурален развој***

Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15 и 53/16) е изменет во делот кој го уредува руралниот развој во насока на проширување на помошта за осигурување во примарното земјоделско производство на одгледувачите на добиток, воведување на нови инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства како и за зголемување на производните капацитети на земјоделските стопанства. Делот за државна помош е проширен на помош за инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства и помош за инвестиции во преработка и маркетинг. Воведена е дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани. Проширен е дијапазонот на активностите од техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Правилник за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15,73/15,83/15,154/15,

11/16 и 53/16) е изменет во насока на намалување на минималната големина на производни капацитети кои треба да ги поседуваат корисниците на неповратна финансиска помош за инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства, проширување на листата на прифатливи трошоци и зголемување на висината на поддршката. Направено е проширување на листата на прифатливи трошоци за инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Правилник за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15 и 11/16) е изменет во насока на утврдување на поблиски критериуми за избор на корисници на поддршка за инвестиции во систем за наводнување на пченка и фуражни култури.

Уредба за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15 и 215/15) е изменета во насока на проширување на техничката поддршка за организирање и спроведување на манифестации и саеми и зголемување на максималниот износ на поддршка. Зголемена е техничката поддршка за помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи со нови прифатливи трошоци и зголемување на максималниот износ на поддршка. Направено е зголемување на максималниот износ на поддршка за инвестициони вложувања за воспоставување на научно демонстративни примери. Изменети се поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој со јавен повик.

***Земјоделски стандарди за квалитет***

Законот за квалитетот на земјоделските производи ("Службен весник на РМ" бр.140/2010, 53/2011 55/2012, 106/13, 116/2015, 149/2015, 193/2015 и 39/2016) ги уредува пазарите на земјоделските производи, стандарди за квалитет, класификација, означување на квалитетот и информативниот систем за житарици и ориз, брашно, сточна храна, свежо овошје и зеленчук, јајца и месо од живина, говедско месо, месо, овци свинско месо и козјо месо, млеко и млечни производи, производи од пчели, заштита на земјоделски и прехранбени производи со географска ознака и ознака на традиционални специјалитети загарантирана, контрола и надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон. Одредбите се особено усогласени со регулативата на ЕУ во однос на поставување и контрола на минималните маркетинг стандарди, севкупниот маркетинг на производи, информации за потрошувачите и на пазарниот информативен систем.

Во текот на 2015 година, поради делумно спроведување на Законот во врска со поставување на стандарди за квалитет на суровини на пазарот на млеко, направени се измени на Законот, кои беа објавени во "Службен весник на РМ" no.116 / 2015 година.

Овие измени се во насока на :

- Градење на систем на обука на контролори вработени во млекарници за земање мостри на млеко за проверка на квалитет .
- Овластување на институции за спроведување на обука на контролорите и нивните сертификација. Одлучено е да се започне пилот систем за земање примероци за проверка на квалитет на млеко со најголемата млекарница во Македонија.
- Овластување на лаборатории за анализа за утврдување на квалитетот на примероци суровото млеко, кои ги исполнуваат условите предвидени со Законот за квалитет на земјоделски производи
- Анализа за дефинирање на прифатлив систем за контрола и оценување на квалитетот на млекото за сите учесници во синџирот (млеко, млечни лаборатории).

Во исто време, донесени се измени на одредбите со кои се регулира процесот на регистрација и заштита на името на земјоделски и прехранбени производи со географски или традиционален карактер. Овие измени се неопходни за усогласување со новата европска регулатива 1151/12, како и за поедноставување на постапките за регистрација и за намалување на трошоците за заштита на заштитена ознака за потекло(ЗОП), заштитена географска ознака(ЗГО) и заштитен традиционален специјалитет(ЗТС). Претходно трошоците беше високи за производителите, а со тоа, интерес кај производителите за заштита на квалитетот беше многу низок. По донесување на горенаведените измени на Законот, три нови подзаконски акти се донесени во врска со регистрите за ЗОП, ЗГО и ЗТС и регистри за корисниците на ЗОП, ЗГО и ЗТС. Со овие подзаконски акти целата правна рамка за програми за квалитет е завршена и подготвена за имплементација.

Со измени објавени во Службен весник на РМ бр 149/2015 и 193/2015, Законот за квалитет на земјоделски производи е усогласен со Законот за општата управна постапка ( "Службен весник на РМ" br.124 / 15) и Законот за правосуден испит ( „Службен весник на РМ“ бр. 137/13).

***Закон за Вино***

Во согласност со релевантните закони, дополнителни два подзаконски акти, согласно Законот за вино се донесени и објавени во Службен весник на РМ бр 149/15 и 39/16.

***Подршка во земјоделството преку директни плаќања***

Програмата за директна финансиска поддршка во земјоделството, како дел од политиките кои произлегуваат од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој, константно се спроведува во изминатово десетлетие. Шемата на директни субвенции се спроведува врз основа на Годишна програма и Уредба за нејзино спроведување донесени од страна на Владата врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој. Прогамата за финансиска подршка во земјоделството за 2015 година беше донесена на седница на влада на 21.12.2014 година и во истата нема некои значајни измени во начинот на спроведување. Основните директни плаќања, како и во предходните години се реализираат врз основ на остварен производен капацитет (по површина и по глава на стока) и произведена количина на земјоделски производи(премија). Исплатата се врши по хектар површина засадена / број на животни над минималната граница (од 0,3 ха обработливо земјиште или 0,2 хектари постојани култури и зеленчук, или 30 грла овци, 10 кози и др.). За група на производи кои се стратешки важни за земјоделството и руралниот развој, како и поради потребата да се зголеми сеуште ниското ниво на продуктивност, поддршката преку премија исто така се доделува на единица производ кој е реализиран во повисок степен во синџирот на пазарот (предаден зем.производ во регистриран преработивачки капацитет). Помош е предвидена и за непроизводни дејности како анализа на почва,осигурување на производството, користење на сертифицирано семе и ин-витро осеменување кај стоката.

Поради појавата на болестите "Син јазик" и листерија во ноември 2014 година, и поплавите пролета 2015 година, програмата беше изменета и беа воведени нови подмерки, а со цел санирање на загубите на земјоделците и сточарите кои претрпеа штети. Предвидената помош изнесува до 100% од утврдената загуба на приходи од продажба на земјоделски производи и животни на земјоделски имот и штети на стакленици и пластеници настанати од природни непогоди, како и загуби од горе споменатите болести.

***Подршка за рурален развој***

Националното финансирање на мерките за рурален развој се спроведува во рамките на Годишната програма за финансиска поддршка на руралниот развој. Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година беше донесена на 21 декември 2014 година и објавен во Службен весник на РМ бр 196/14 на. Буџетот за нејзино спроведување изнесуваше околу 33 милиони €.

Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во текот на 2015 година распиша десет Јавни повици за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година. По однос на објавените јавни повици до Агенцијата се доставени вкупно 2349 барања.

Најголем број на барања по однос на објавените повици се доставија по однос на мерката 112 "Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност" каде вкупниот број на примени барања за финансиска поддршка изнесува 196 барања од кои одобрени се 134 барања за финансиска поддршка со вкупна вредност на финансиската поддршка од 74.401.300 денари. Во Мерката 112, од примените 196 барања, 126 подносители се мажи и 70 жени, а од одобрените 134 барања, 93 се мажи и 50 жени.

Исто така голем број на барања се поднесоа по однос на Мерка 121 "Инвестиции во модернизација на земјоделски стопанства", поддмрека 121.5 – "Инвестиции во земјоделска опрема и механизација за житни и индустриски култури. Вкупен број на примени барања е 1642 од кои одобрени за финансирање се 927 барања во вкупна вредност на финансиска поддршка од 282 417.428 денари или 4 584.698 евра.

Во Мерка 121.5 од примените 1642 барања 1254 се мажи од кои 404 млади земјоделци и 388 се жени од кои 159 се по 40 годишна возраст. Вкупно подржани се 659 мажи-земјоделци, од кои 304 се млади и 268 жени- земјоделци од кои 110 се малди земјоделци.

*Ветеринарна политика*

Во периодот на известување, Агенцијата за храна и ветеринарство спроведе голем број на активности поврзани со процесот на усогласување на законодавството на ЕУ.

Следните дополнителни измени се направени во однос на законодавството на ЕУ, вклучително и примената на законодавството во врска со конкретни области:

**Ветеринарна политика:**

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите за увоз и транзит, листа на трети земји кои се одобрени за увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат и / или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката за ветеринарна контрола и инспекција на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло наменети за увоз и транзит. Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32015D0204, 32015R0198, 32015D0252, 32015D0267 32015R0243 и 32015D0267.
   Донесен и објавен во Службен весник бр 33/2015 од 05.03.2015.
2. Правилник за изменување на Правилникот за постапката за увоз и транзит листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло.
   Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32015D0349 и 32015R0342.
   Донесен и објавен во Службен весник бр 63/2015 од 20.04.2015.
3. Правилник за некомерцијално движење на домашни миленичиња.

Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32013R0576 и 32013R0577.
Донесе и објавен во "Службен весник на РМ" бр. 153/2015 од 04.09.2015.

4. Правилник за изменување на Правилникот за начинот на идентификација и регистрација на домашни миленици.
Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32013R0576 и 32013R0577.
Донесен и објавен во "Службен весник на РМ" бр. 153/2015 од 04.09.2015
5. Правилник за изменување на Правилникот за постапката за увоз и транзит листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло.
Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32015P0908; 32015R1363, 32015R0536 и 32015D0911
Донесен и објавен во "Службен весник на РМ" бр. 165/2015 од 23.09.2015
6. Одлука за спречување, контрола и искоренување на одредени трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии.
Одлуката е усогласена со релевантните ЕУ acquis односно со 32001R0999.
Донесена и објавена во "Службен весник на РМ" бр. 175/2015 од 09.10.2015.
7. Одлука за изменување на одлуката за забрана на увоз на производи од животинско потекло наменети за човечко и животинско потекло од Кина во Македонија.
Одлуката е усогласена со релевантните ЕУ acquis односно со 32015D1068.
Донесена и објавена во "Службен весник на РМ" бр. 163/15 од 21.09.2015.
8. Одлука за забрана на увоз и транзит на стока и диви преживари, семенски материјал од крупен добиток, говедски производи и преработките од месо, млеко и млечни производи од говеда, како и нуспроизводи на стоката во Република Македонија од Грција.
Одлуката е усогласена со релевантните ЕУ acquis односно со 32015D1423.
Донесе и објави во "Службен весник на РМ" бр. 163/15 од 21.09.2015.
9. Правилник за информациите што треба да ги содржи контактот и надворешното пакување и информациите кои треба да ги содржи упатството за употреба на ветеринарно - медицинскиот производ.
Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32001L0082.
Донесен и објавен во "Службен весник на РМ" no.218 / 2015 од 12.12.2015.
10. Правилникот за начинот на евалуација на варијации во однос на разгледување на ставање во промет.
Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32009R1069 и 32011R0142.
Донесен и објавен во "Службен весник на РМ" 34/2015 од 06.03.2015.
11. Листа на фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина. Листата е усогласена со релевантните ЕУ acquis односно со 32010R0037, 32015R1308, 32015R1080, 32015R1079,32015R1078, 32015R0446,32015R0394, 32015R0152, 32015R0150, 32015R0149, 32014R1390,32014R1359, 32104R1277,32014R0967, 32014R0683, 32014R0682, 32014R0681, 32014R0677, 32014R0676, 32014R0418, 32014R0201, 32014R0200, 32014R0020, 32014R0019, 32013R1235, 32013R1057, 32013R1056,

32013R0489,32013R0406, 32013R0394, 32013R0116, 32013R0115,32013R0059, 32012R1191, 32012R1186, 32012R1161, 32012R0466, 32012R0436, 32012R0222, 32012R0221, 32012R0202, 32012R0201, 32012R0123, 32012R0122, 32012R0107, 32012R0086, 32012R0085, 32012R0084, 32011R0363, 32011R0362, 32010R0914, 32010R0890, 302010R0761, 32010R0759, 32010R0758

Донесена и објавена во "Службен весник на РМ" бр. 156/2015 од 10.09.2015.

**<u>Правила за безбедност на храната:</u>**

1. Одлука за специфични услови кои се применуваат за увоз на бамја и кари лисја од Индија.
   Одлуката е усогласена со релевантните ЕУ acquis односно со 32014R0885.
   Донесена и објавена во "Службен весник на РМ" 40/2015 на 13.03.2015.
2. Правилник за специфични безбедносни правила кои се однесуваат на додатоци во исхраната.
   Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32002L0046.
   Донесен и објавен во "Службен весник на РМ" 17/2015 од 05.02.2015.
3. Правилник за информации за храна за потрошувачите.
   Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32011R1169.
   Донесе и објави во "Службен весник на РМ" бр. 150/2015 од 2015/02/09.

**<u>Ставање во промет на храна, сточна храна и нуспроизводи од животинско потекло:</u>**

1. Правилник за службени контроли на салмонела и други специфични предизвикувачи на зоонози од храна.
   Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32003R2160, 32006R1177, 32012R0200 и 32012R1190.
   Донесен и објавен во "Службен весник на РМ" 34/2015 од 06.03.2015
2. Правилник за посебните правила за организирање на службени контроли на производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето.
   Правилникот е усогласен со релевантните ЕУ acquis односно со 32004R0854.
   Донесен и објавен во "Службен весник на РМ" бр. 157/2015 од 14.09.2015..

***Водостопанство***

Она што Владата го планираше во 2014 година во областа на управување со води го спроведе во 2015 со донесување на Законот за водостопанство. Согласно Законот за водостопанство (Службен весник бр.51/2015) формирано е Акцинонерско Друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост кое ги превзема дејностите кои беа во надлежност на досегашните водостопанства, со што се централизира нивното работење. Претежни дејности на Друштвото се дејности од јавен интерес: снабдување со вода за наводнување и одводнување на земјиште и изградба и тековно и инвестициско одржување на системите. Со цел остварување дополнителни приходи и зголемена економска исплатливост на работењето на друштвото, АД може покрај основната дејност да врши и дополнителни дејности.

Организациони делови на друштвото се Дирекција и 12 подружници. Органи на управување на Друштвото се Собрание на акционери и Одбор на директори. Со Друштвото управува Одбор на директори кој се состои од 7 членови, од кои 6 неизвршни и 1 извршен член. Извршниот член на Одборот е Главен извршен

директор. Со подружниците раководи Директор кој го именува Одборот на директори.

Со Законот за укинување на Законот за водните заедници (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.72 од 05.05.2015 година) престанува да важи Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија“ број 51/03, 95/05, 113/07 и 136/11).

Надлежностите на водните заедници и инфраструктурата за наводнување и одводнување се пренесуваат на Подружницата на АД Водостопанството на чие подрачје на дејствување се наоѓа седиштето на Водната заедница односно на Подружницата на АД Водостопанството чие подрачје на дејствување е најблизу до седиштето на Водната заедница, доколку на тоа подрачје нема основано Подружницата на АД Водостопанството согласно Законот за водостопанство.

# ГЛАВА 2: Напредокот во спроведувањето на ИПАРД Програмата

## 2.1 Резиме на стратешка рамка на ИПАРД Програмата 2007-2013

Стратегијата, целите и мерките насочени кон постигнување на одржлив развој на земјоделскиот сектор и руралните области кои се наведени во ИПАРД програмата следат целна рамка утврдена во Регулативата на Советот ИПА 1085/2006 и последователно од Регулативата за спроведување на ЕУ 718/2007.

Приоритетите кои треба да се спроведат, кои ја прават стратегијата на програмата оперативна, се поставени во Повеќегодишен индикативен плански документ (МИПД), кој документ е три годишен и се ревидира еднаш годишно. Последниот МИПД беше објавен за периодот 2011-2013 година. Приоритетите наведени во МИПД служат како основа за програмирање на ЕУ фондовите.

Главна цел на целокупната помош која доаѓа преку ИПАРД Програмата, е модернизирање, зајакнување на земјоделството, подигање на повисоко ниво на производство со постигање на ефективност и ефикасност, за да може да биде конкурентно на пазарите во Централна и југоисточна Европа. А сето тоа да биде остварено преку постигање на европските стандарди за квалитет и заштита на животната средина, безбедноста на храната и заштита на здравјето на луѓето и остварување на земјоделска стопанство кое ќе биде способно да одолее на сите природни и економски промени и искушенија.

Сите овоие начела се предуслови кои се побаруваат и треба да се основа на инвестициите во мерките од Програмата.

Индикатори за проценка на влијанието на поддршката од ЕУ, меѓу другото се :

- Подобрување на приходите на ИПАРД корисниците;
- Зголемување на додадената вредност на земјоделските производи преку подобрување и рационализација на преработката и маркетинг на производите;

- Зголемување на учеството на локалните актери во развојот и имплементација на стратегии за рурален развој;
- Зголемување на бројот и разновидноста на бизниси и приходите на населението во руралните средини преку развој и диверзификација на активностите на фарма и / или надвор од фарма;
- Усогласеност на претпријатијата за преработка на храна со стандардите на ЕУ;
- Нови можности за вработување, создадени преку развој и диверзификација на активностите на фармите и / или надвор од фарма;

Целокупната целна рамка на ИПАРД Програмата претставува стратегија која има за цел справување со одредени недостатоци во развојот на земјоделството и руралните средини, преку заеднички решенија реализирани преку соодветна мерка за приоритетните проблеми соодветно за секој под-сектор.

Според наведеното, ИПАРД Програмата е програмирана да ги постигне следниве специфични цели:

- Подобрување на технолошката и пазарната инфраструктура на комерцијални земјоделски стопанства и прехранбената индустрија во насока на зголемување на додадената вредност на земјоделско-прехранбени производи и постигање на ЕУ стандардите за квалитет, здравје, безбедност на храна и еколошките стандарди;
- Подобрување на квалитетот на животот на руралното население, зголемен приход и создавање нови можности за вработување;

Соодветните приоритетни оски на развој на ИПАРД Програмата според кои моментално се делува и мерките кои се спроведуваат се:

**Приоритетна оска 1: Подобрување на пазарната ефикасност и спроведување на стандардите на Европската Унија**

Оваа оска со својот дијапазон ги опфаќа активностите во примарното производство и преработивачката индустрија.

Мерки што се спроведуваат во рамките на оваа приоритетна оска се:

- Мерка 101 "Инвестиции во земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба до стандардите на ЕУ", и
- Мерка 103 "Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградување до стандардите на ЕУ"

**Приоритетна оска 3: Развој на руралната економија**

Приоритетната оска 3 става својот главен фокус на инвестирање во развој и диверзификација на економските активности во руралните средини, им помага на

населението во руралните средини во изградба на и надвор од фарма на економските активности, создавање на дополнителни извори на приход и можности за работа.

Оваа оска ја имплементира следната мерка:

- Мерка 302 "Диверзификација и развој на руралните економски активности"

Во прилог на горенаведените мерки, исто така, се предвидува можноста за воведување на други области на интервенција, како поддршка на групи производители во рамки на Приоритетната оска 1, подготвителни активности за имплементација на агро-еколошките мерки и развој на стратегии за локален развој, слично на ЛИДЕР пристапот, во рамки на Приоритетната оска 2, како и подобрување на обуката и инвестиции во руралната инфраструктура како опции мерка во рамки на Приоритетната оска 3.

По долгиот процес на подготовка, во септември 2015, се акредитира и мерката 501 Техничка помош, која има за цел подршка на спроведувањето на Програмата во делот на технички активности(публикација, видливост, мониторинг, и т.н.). За оваа мерка ќе известиме во соодветната точка од овој извештај.

Последна промена на износот на финансиски средства по оски и мерка е направена со седмата модификација на Програмата. Оваа модификација, покрај вклучување на секторот житарици во Програмата , предвиде и донесе измени во финансиската распределба на средствата за проекти кои ќе се реализираат во подрачја опфатени со поплавите во пролета 2015 година. Со седмата модификација, процентот на ИПАРД средствата во една инвестиција која ќе се спроведува во подрачја опфатени со поплавите, се зголеми од 50% на 75%, но исто така се измени и процентот на учество на средствата од Заедницата во тие 75%. За посочените проекти односот ќе биде 85% ЕУ средства и 15% национален буџет, за разлика од проектите кои не се опфатени со поплави каде односот е 75% со 25%. Со неа ќе бидат опфатени проектите од огласот 02/2014 па се до крајот на програмата. Во општините Босилево, Могила и Новаци ќе бидат опфатени сите проекти кои ќе бидат доставени до Агенцијата, а од останатите општини ќе бидат опфатени само проекти на апликантите кои пријавиле штета до соодветна Комисија за штети во својата општина.

Сегашната состојба на распределба на средствата по оски и мерки е прикажана во следната табела.

**Табела 2: Финансиска распределба на средствата по оски и мерки**

| Оска/мерка | Вкупно јавни средства | Приватни средства | Вкупно износ на инвестиции |
|---|---|---|---|
Како и во предходниот период општина  Ресен е далеку пред сите останати, но во споредба со минатиот период кога разликата со останатите општини беше и до 4 пати поголема, сега таа е намалена. Според анализата што ја направи ТУ, процентот на учество на Ресенски проекти во вкупниот број на одобрени проекти, заклучно со 31.12.2014 година изнесуваше 40,9% додека пак година дена подоцна овој процент е намален на 29,1%. Исто така и кај исплатените проекти имаме намалување на процентот на учество на Ресенските проекти, од 57.7% во 2014 на 40,0% во 2015 година. Ова анализа е прикажана со цел да се потенцира дека се јавува подобрување на квалитетот на барања и во другите општини. Во Кавадарци,Велес, Прилеп двојно е зголемен бројот на барања, додека пак во Биотла е за 4 пати поголем и најголема разлика бележиме во Могила каде од 18 поднесени  барања до 2014, на крајот на 2015 година има 270 поднесени барања. Подобрување бележиме и во поглед на одобрените барањаа. Во поглед на одобрени покрупни проекти, во М103, нотираме дека во Кавадарци се склучени 5 договри во вредност од 751.224€, во Гази Баба се договориени 2 проекти во вредност од 500.507€, 2 во Делчево во вредност од 494.669€, три во Штип со сума од 385.548 кои се и исплатени. Подобрувања бележиме и во М302 каде ги имаме и првите исплати на три проекти и тоа по еден во Ресен, Илинден и Кочани со вкупна сума 105,540€.

Според вредноста на инвестициите, инвеститорите од Битола планираат да вложат 6.312.001€ кои ги предложиле за инвестирање преку 287 поднесени барања или во просек 21.993€ по барање што е двојно повеќе од просекот на барањата од општина Ресен, која па сега е на второ место по износот на побарана сума.Следи Могила со3,317,653€, Кавадарци, Гевгелија и т.н. Во поглед на договорени суми за инвестирање, најголема сума прават барањата од Ресен, потоа Кавадарци, Прилеп каде сумата на побарани средства и не е така голема како кај другите градови, сепак  една третина од побараната сума е договориена за реализација(табела28). Сличена е ситуацијата во Гази Баба и Свети Николе каде пак имаме најгоилем процент на склучена сума од побараната(38,7%).

Најголема вкупна исплатена сума е кај корисниците од Ресен каде е исплатено 1,042,795€.  493,602€ се исплатени во Штип од кои најголем дел 384.773€ се по мерката 103 за вкупно 3 реализирани проекти. Потоа следат Битола, Прилеп,Карбинци и Валандово. Во Валандово се реализирани три помали проекти и  еден проект за кој се исплатени 256,346€ што е најголема сума исплатена по проект.

## Табела28: Географски анализа на распределба на средства по општини

| | BJT M101 | | | BJT M103 | | | BJT M302 | | | Вкупно BJT | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | примени | одобрени | исплатени | примени | одобрени | исплатени | примени | одобрени | исплатени | примени | одобрени | исплатени |
| Ресен | 2,704,765 | 1,321,494 | 960,598 | 1,033,368 | 74,898 | 67,197 | 927,676 | 15,001 | 15,000 | 4,665,808 | 1,411,393 | 1,042,795 |
| Битола | 3,667,715 | 567,583 | 400,222 | 1,115,122 | 0 | 0 | 1,529,164 | 82,010 | 0 | 6,312,001 | 649,594 | 400,222 |
| Могила | 3,299,589 | 532,386 | 270,888 | 0 | 0 | 0 | 18,064 | 0 | 0 | 3,317,653 | 532,386 | 270,888 |
| Штип | 1,798,566 | 155,327 | 108,829 | 787,390 | 385,548 | 384,773 | 92,607 | 0 | 0 | 2,678,564 | 540,875 | 493,602 |
| Карбинци | 1,235,364 | 496,562 | 100,779 | 691,020 | 198,003 | 197,750 | 44,004 | 0 | 0 | 1,970,388 | 694,565 | 298,529 |
| Велес | 1,247,796 | 500,995 | 79,966 | 327,715 | 0 | 0 | 402,775 | 29,305 | 0 | 1,978,286 | 530,300 | 79,966 |
| Виница | 985,341 | 348,185 | 27,726 | 0 | 0 | 0 | 688,172 | 0 | 0 | 1,673,513 | 348,185 | 27,726 |
| Св.Николе | 921,447 | 281,435 | 41,849 | 718,290 | 430,617 | 0 | 200,028 | 0 | 0 | 1,839,765 | 712,052 | 41,849 |
| Новаци | 915,847 | 61,016 | 27,086 | 0 | 0 | 0 | 78,156 | 0 | 0 | 994,003 | 61,016 | 27,086 |
| Кавадарци | 764,028 | 351,440 | 210,075 | 1,891,475 | 751,224 | 15,628 | 487,600 | 0 | 0 | 3,143,104 | 1,102,664 | 225,703 |
| Валандово | 524,223 | 61,616 | 22,569 | 1,203,697 | 267,837 | 256,346 | 0 | 0 | 0 | 1,727,920 | 329,453 | 278,915 |
| Неготино | 704,707 | 309,730 | 181,360 | 350,659 | 0 | 0 | 228,296 | 0 | 0 | 1,283,663 | 309,730 | 181,360 |
| Прилеп | 775,698 | 239,405 | 110,137 | 1,099,055 | 524,127 | 241,972 | 557,744 | 60,747 | 0 | 2,432,497 | 824,279 | 352,109 |
| Градско | 669,929 | 167,636 | 87,402 | 1,593,969 | 43,294 | 43,291 | 142,250 | 109,717 | 0 | 2,406,148 | 320,647 | 130,693 |
| Делчево | 524,160 | 132,869 | 27,624 | 529,893 | 494,669 | 249,092 | 817,459 | 7,573 | 0 | 1,871,511 | 635,111 | 276,716 |
| Росоман | 408,991 | 157,353 | 54,968 | 15,704 | 0 | 0 | 383,105 | 0 | 0 | 807,800 | 157,353 | 54,968 |
| Гази Баба | 312,075 | 115,521 | 28,988 | 549,107 | 500,507 | 0 | 1,717,260 | 172,078 | 0 | 2,578,442 | 788,106 | 28,988 |
| Радовиш | 392,145 | 52,703 | 19,588 | 360,263 | 175,873 | 0 | 625,249 | 26,582 | 0 | 1,377,657 | 255,158 | 19,588 |
| Кривогаштани | 513,572 | 142,290 | 63,518 | 808,327 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,321,899 | 142,290 | 63,518 |
| Гевгелија | 467,913 | 104,185 | 37,524 | 2,236,791 | 283,188 | 93,657 | 164,823 | 53,360 | 0 | 2,869,526 | 440,733 | 131,182 |
| Берово | 309,648 | 118,828 | 94,985 | 27,881 | 0 | 0 | 821,681 | 86,125 | 0 | 1,159,210 | 204,953 | 94,985 |
| Струмица | 299,554 | 111,254 | 13,651 | 744,559 | 242,225 | 109,005 | 6,919 | 0 | 0 | 1,051,033 | 353,480 | 122,656 |
| Струга | 460,366 | 215,847 | 2,616 | 253,136 | 61,502 | 0 | 237,198 | 0 | 0 | 950,699 | 277,349 | 2,616 |
| Босилево | 233,761 | 83,159 | 43,879 | 0 | 0 | 0 | | | | 233,761 | 83,159 | 43,879 |
| Василево | 387,878 | 315,035 | 61,672 | 59,433 | 58,861 | 57,500 | 88,618 | 0 | 0 | 535,929 | 373,896 | 119,172 |
| Богданци | 102,299 | 34,367 | 33,888 | 148,568 | 140,851 | 118,772 | | | | 250,867 | 175,218 | 152,660 |
| Дебарца | 170,777 | 63,942 | 10,866 | 0 | 0 | 0 | 131,736 | 9,329 | 0 | 302,513 | 73,271 | 10,866 |
| Охрид | 142,779 | 38,073 | 21,913 | 338,429 | 20,010 | 0 | 192,341 | 0 | 0 | 673,549 | 58,083 | 21,913 |
| Илинден | 310,391 | 3,709 | 0 | 509,963 | 0 | 0 | 455,367 | 82,008 | 81,137 | 1,275,721 | 85,717 | 81,137 |
| Кочани | 179,071 | 30,732 | 0 | 441,889 | 31,275 | 0 | 169,822 | 9,429 | 9,403 | 790,782 | 71,436 | 9,403 |

# ГЛАВА 3: Активности за подобрување на квалитетот и ефикасноста

## 3.1. Мониторинг,програмирање и евалуација

### 3.1.1. Активности во системот за следење

ИПАРД Агенцијата подготвува и доставува извештаи за реализацијата на ИПАРД програмата во согласност со обврските преземени од Договор за спроведување, меѓу Телото за управување и ИПАРД Агенцијата.

Размена на податоци се врши преку табели за следење и евалуација на ИПАРД програмата, како и со други дополнителни извештаи на барање на ТУ, кои се состојат од податоци кои не се вклучени во табелите, но се релевантни за извршувањето на Програмата.

Во 2015 година, ИПАРД Агенцијата со утврдениот рок и на редовна основа доставени до ТУ табели за следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата, кои вклучуваат информации за физички и финансиски показатели, извештаите од извршените контроли, утврдените неправилности и дополнителните барања за извештаи , дефинирани во Договорот за спроведување.

Собирањето на податоците и подготовка на извештаи се одржува рачно во Excel.

Во текот на 2015 година, ИПАРД Агенцијата ги евидентира сите трансакции, паралелно во Excel и SAP софтверот и во хартиена форма исто така. SAP софтвер е во фаза на испитување и ќе подлежи на процес на акредитација.Веднаш штом ќе се утврди дека сите извештаи произлезени од SAP софтверот се релевантни и точни и истиот се акредитира, SAP софтвер ќе биде главна алатка за сметководство во ИПАРД Агенцијата и сите финансиски показатели ќе бидат повлечени од системот.

Телото за управување со ИПАРД и Комитетот за следење на ИПАРД се надлежни за квалитетот на ИПАРД Програмата.

### 3.1.2 Модификација на програмата

Седмата измена на програмата е одобрена од страна на ЕК. Официјалната одлука на ЕК, бр. C(2015) 9330 за усвојување на седма измена на ИПАРД 2007-2013 е донесена на 11.12.2015.

Седмата измена на програмата содржи:

- Прилагодување на финансискиот план на ИПАРД програмата се должи на на одобрените средства од € 15,636,043.62 од распределбата на буџетот за 2011 година, како и во согласност со член 36 од Секторската спогодба.
- Седмата измена на ИПАРД Програма 2007-2013, како редовна измена на Програмата предложена поради примена на член 57, член 34 став 2 од

Секторската спогодба, а во врска со поплавите во Македонија кој настанаа во пролета 2015.

### 3.1.3 Проценка на ИПАРД Програмата

Она што недостигаше во поголемиот период од спроведување на Програмата и што беше еден од поважните ревизорски наоди, кој патем кажано се затвори, е формирање на Управувачки Комитет за следење и проценка (УКСП ИПАРД). Конечно на 27.10.2015, согласно внатрешните процедури за работа на ТУ, се одржа првиот состанок на Управувачки Комитет за следење и проценка на ИПАРД Програмата 2007-2013, на кој членовите на УКСП ИПАРД донесоа деловник за работа. Членовите на УКСП ИПАРД се претставници на релевантните институции кои учествуваат во креирање, спроведување или се тесно поврзани со спроведувањето како и социјални и економски партнери односно крајни корисници на средствата.
УКСП ИПАРД има мандат да:

1. Да даде осврт или критичка рецензија на план за евалуација на ИПАРД програмата;
2. Прави анализа и редлага акции за подобрување на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата;
3. Ги разглдува тековните извештаи за евалуација и поддршка на независни проценител ако е потребно;
4. Утврдува и обезбедува целосен пристап до информации за оценувачот;
5. Други релевантни прашања поврзани со ефикасното и ефективно функционирање на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата;
6. Обезбедува методолошка валидност и веродостојност на заклучоците од оценката;
7. Интервенира доколку не е воспоставена соодветна комуникација и публицитет на извештаите за евалуација од страна на ТУ.

На состанокот покрај донесување на деловникот за работа членовите дадоа свое видување на програмата, нејзиното спроведување и истакнаа дел од главните проблми со кои се соочуваат корисниците, како во делот на прибирање на обемната документација, проблеми со урбанистичка и катастарска документација така и во делот на квалитетот на советодавните служби и потребата од поактивно вклучување на економските партнери и социјалните партнери во креирање на идните активности за подобрување на апсорцијата.

### 3.1.4 Искористување на техничка помош

По долгиот процес за подготовка на акредитација на мерката и националната акредитација од страна на НАО, на 15 септември, Комисијата донесе одлука бр. C(2015) 6215, за пренесување на правото за управување со средствата од мерката за техничка

помош од компонента V (рурален развој) на Инструментот за претпристапна помош ( ИПА).

Акцискиот план за активностите предвидени со мерката за техничка помош (АРТА) за 2016 година беше усвоен од страна на Комитетот за следење на ИПАРД со писмена постапка на 4-ти февруари 2016 година. Планскиот документ ги предвидува следните активности за 2016 година:

1. Организирање на состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД,

2. Организација на настани за публицитет и кампања за информирање на ИПАРД Програмата 2007-2013,

3. Издавање на публикација посветена на добрите искуства од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2007-2013 и

4. Дизајн и одржување на интернет страна посветена на ИПАРД Програмата 2007 - 2013.

Есенскиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД беше организиран на 17 февруари 2016 и тоа со помош на поддршка на мерката. Барање за исплата за оваа активност беше навремено поднесено до ИПАРД Агенцијата.

### 3.1.5. ИПАРД Програма 2014-2020

ИПАРД Програмата 2014-2020 е донесена со „Одлука на Комисијата бр. C(2015) 760 на 13.02.2015 за усвојување на програма за земјоделство и рурален развој во рамките на ИПА II за периодот 2014-2020".

Усвоената ИПАРД Програма 2014-2020 ги вклучува следните мерки:

- Мерка “Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства;
- Мерка “Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи”;
- Мерка “Инвестиции во руралната јавна инфраструктура”;
- Мерка “Диверзификација на фарма и развој на бизнисот”;
- Мерка “Техничка помош ”.

Другите достапни ИПАРД мерки ќе бидат вклучени во програмата во подоцнежна фаза.

Тековниот ИПА проект "Воведување на нови ИПАРД мерки (ЛИДЕР и советодавни услуги) кои треба да се спроведат во рамките на ИПАРД II", со поддршка од вработените во Телото за управување, работи на подготовка на проектни фишеа за мерката за лидер и советодавни услуги и воспоставување на Националната рурална мрежа. Во согласност со работните задачи на проектот, мерките треба да бидат подготвени најдоцна до средината на 2016 година.

На 24.07.2015, НАО испрати официјално барање за доделување на право на менаџмент на буџетот ( ре-акредитација) за конкретни мерки од Програмата за рурален развој за 2014-2020 на Република Македонија во рамките на Инструментот за претпристапна

помош (ИПА II) до Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој (Реф: бр. 10-8454/1). Испратеното барање за ре-акредитација се однесува на следниве ИПАРД мерки:

- Мерка "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства;
- Мерка "Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи";
- Мерка "Диверзификација на фарма и развој на бизнисот";
- Мерка "Техничка помош".

Официјалниот одговор од ЕК на прелиминарното барање за ре -акредитација е примен на 18.01.2016 со писмо бр. ПРЕ/2015/007/МК за прелиминарното побарување за доделување на право за извршување на буџетот на Република Македонија во рамките на ИПАРД II , Бр.(2016) 249476.

Одговорот содржи наоди и препораки по поднесениот пакет за ре-акредитација, врз основа на кој ИПАРД структурата и НФ треба да дејствуваат соодветно и да ги ревидираат релевантните процедури и документи. Ревидираниот пакет со официјално барање за доделување на задачите за извршување на буџетот треба да се достави до ЕК од страна на НАО најдоцна до април 2016 година.

## 3.2 Проблеми при спроведување и превземени активности

### 3.2.1 Идентификувани фактори за ниска апсорпција

И покрај подобрувањето на зголемување на бројот на барања, како и искористување на средствата, апсорпција и натаму останува на ниско ниво. Во 2015 година проблеми / пречки биле идентификувани како релевантни за претстојната имплементација на ИПАРД програмата 2007-2013

- Недостаток на пред-финансирање
- Потенцијални корисници се доволно информирани за деталите на ИПАРД програмата за поддршка (особено на М302);
- Нерешен статус во однос на градежни дозволи;;
- Слаба помош на потенцијалните апликанти од страна на АПРЗ;
- Недоволно развиен консултантски пазар за обезбедување на услуги за подготовка на проектна документација (пополнување на формулари, изготвување на бизнис планови);
- долг процес на одобрување/исплата од страна на ИПАРД Агенцијата

#### 3.2.2.Подобрување на апсорпција на ИПАРД средства

Следниве се клучни проекти и активности кои се спроведени од страна на ТУ со цел да се подобри искористеноста на ИПАРД фондовите и да се подготви подобро основа за искористување во програмскиот период 2014-2020:

**- Воспоставување на гаратен фонд во соработка со УСАИД**

Една од причините за ниската искористеност на средствата од ИПАРД програмата е неможноста на земјоделците да го обезбедат потребното почетно финансирање за инвестициите, како и за да се обезбеди соодветно обезбедување за кредити кои се вршат преку комерцијалните банки. Владата на Република Македонија и УСАИД заеднички го поддржа создавањето на делумна кредитна гаранција со употреба на Развојниот кредитен орган на УСАИД ( "ДЦА активност"). Оваа гаранциска шема ќе обезбеди до 50% гаранција на кредитот во банка и ќе функционира во текот на следните 10 години; заеми во висина од 20 милиони американски долари треба да бидат дистрибуирани преку овој фонд. Гарантниот фонд првенствено е наменет за ИПАРД корисници, но ќе биде достапна и за сите видови на капитални инвестиции за модернизација и унапредување на земјоделскиот сектор и малите бизниси во руралните средини. Во декември 2015 година, ПроКредит Банка започна со издавање на кредити преку гарантниот механизам. Стопанска Банка - Битола и Комерцијална банка ќе започнат со одобрување кредити преку Гарантниот фонд не подоцна од јули 2016 година.

***- Финансиски инструмент за субвенционирање на каматните стапки за кредити за ИПАРД инвестиции.***

Во Националната програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 и 2016 година се обезбеди мерка за субвенционирање на каматните стапки на кредитите, исклучиво за ИПАРД инвестиции. Оваа национална мерка се однесува за сите кредити од комерцијалните банки и субвенционирањето на каматната стапка е до 50%, која не може да биде повисока од 8%.

***-Информирање / публицитет***

Во 2015 година се одржаа повеќе информативните денови во споредба со 2014 година, а беше спроведени посебни активности за подобра промоција на мерката 302, покрај тоа треба да се подобри и вклучување на подрачните единици на МЗШВ, како контакт точка за основни информации за ИПАРД, како и понатамошно поинтезивно вклучување на советниците од АПРЗ. Исто така, големиот број на примени барања на јавните повици 01/2015 и 02/2015 се случи поради тоа што му беше дадена политичката важност на ИПАРД од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Самиот министер ги промовираше ИПАРД фондовите преку медиумите во повеќе од 100 настапи, како и преку бројни работни средби, кои се одржаа со претставници од различни сектори (одгледување овци и кози, производители на млеко, пчеларите, мелничка индустрија, индустрија за овошје и зеленчук, , итн)

***-Подобрување на квалитетот на ИПАРД барањате.***

Во мај 2015 година, со Министерска одлука, воспоставена е работна група составена од претставници од подрачните единици од МЗШВ и АПРЗ (вкупно 83 членови). Улогите

и одговорностите на работната група се да се идентификуваат потенцијалните корисници и да се воспостави тесна соработка со АФПЗРР и АПРЗ, и да им се помогне на потенцијалните корисници во процесот на аплицирање за ИПАРД фондовите. Оваа работна група имаше активностите пред последниот јавен повик 02/2015 на тој начин резултатот од овој јавен повик ќе биде показател дали активностите на оваа работна група е успешна.

Подготвено е и фише за ИПА ТАИБ проектот "Поддршка на подготовката и спроведувањето на ИПА 5-та компонента (ИПАРД II) после 2013 - ИПАРД" Канцеларии за помош ". Овој проект е наменет за помош на подготовка на барања на потенцијалните корисници во рамките на мерката 101, како и мерка "руралната инфраструктура", а ќе се реализира во ИПАРД периодот 2014-2020.

*-Долгите процедури за одобрување во Платежната агенција*

Во 2015 година, кога е донесена ИПАРД Програмата 2014-2020 и АФПЗРР соодветно направени промени во интерните процедури и листи на контрола според новата програма. Еден од најзначајните промени за новиот програмски период е дека Агенција каде што е можно, при набавка на потребната документација, истата да ја добие по службена должност, што ќе овозможи да се скрати процедурата за комплетирање, односно да се скрати постапката за одобрување на барањате . Потребно е понатамошно поедноставување на постапките на АФПЗРР, како и воспоставување на стандардни трошоци.

-*Легализација на земјоделски објекти*

Основана е работна група, составена од членови од МЗШВ и Министерството за транспорт и врски, која предложи промени на "Законот за легализација на бесправно изградените објекти" со цел земјоделските објекти, исто така, да може да бидат предмет на легализација. Предложените измени на овој закон, се усвоени во Службен весник на Република Македонија бр.31 од 22.02.2016. Со оваа промена на сите претходни земјоделски објекти, кои беа на градежно земјиште и не беа препознати од законот, можеа да бидат предмет на легализација. Земјоделците беа поканети да достават барања за легализација, до крајот на март 2016 година.

### 3.2.3 Анализа за причините за одбивање на барањате

Во текот на подготовката на извештајот, ТУ во соработка со ИПАРД Агенцијата и со поддршка на ЕУ ТВИНИНГ Проектот (МК 11/IPA/AG/01/15) извршија анализа на причините за одбивање на барањате по ИПАРД Програмата. Анализите се направени од јавните повици: 01/2013, 01/2014, 02/2014 за сите три мерки.

Според анализата, околу половина од барања во мерките 101, 103 и 302 (54% во 2013 година, 51% и 43% во 2014 година) беа одбиени. Главната причина за одбивањето е непотполноста (29% во 2013 година и во првиот повик во 2014 година, 30% во вториот повик во 2014 година). Процентот на одбиени барања за конкретни мерки се следниве: околу 50% за М101, 30% за М103, а повеќе од 80% по мерка 302 во сите три повици.

Бројот на одбиени барање за исплата и прекинати договори за користење на средства е мал (53 од 350 вкупно), но факт е дека во 35 од вкупно 53 случаи корисниците не поднеле барање за исплата, веројатно поради недостаток на средства за финансирање

на инвестициите. Други причини (5 случаи каде инвестицијата била започната пред потпишувањето на договорот и 13 други причини (земја на потекло на опрема, поволна опрема, неуспехот да се постигне пропишаниот капацитет) се малку и не претставуваат значаен проблем.

Генерално анализата покажува три основни проблеми:

1) Комплетност на апликацијата
2) Прифатливост на апликацијата;
3) Недостаток на финансиски средства за реализација на инвестиции.

**Табела29: Процент на одбиени по мерки 101, 103 и 302**

| Мерка | Повик | Под-мерка ** | Износ на апликацијата | % некомплетно* | % непрофатливо* | Вкупно одбиени* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 101 | 01 2013 | 7 | 335 | 28 | 20 | 48 |
| | 01 2014 | 7 | 347 | 25 | 21 | 46 |
| | 02 2014 | 6 | 403 | 29 | 10 | 38 |
| | Total | | 1 085 | 27 | 16 | 44 |
| 103 | 01 2013 | 5 | 14 | 21 | 50 | 71 |
| | 01 2014 | 5 | 12 | 25 | 42 | 67 |
| | 02 2014 | 5 | 16 | 19 | 38 | 56 |
| | Total | | 42 | 21 | 43 | 64 |
| 302 | 01 2013 | 6 | 52 | 40 | 50 | 90 |
| | 01 2014 | 5 | 35 | 66 | 23 | 89 |
| | 02 2014 | 6 | 34 | 53 | 35 | 88 |
| | Вкупно | | 121 | 51 | 38 | 89 |
| | | | | | | |
| | Вкупно | | 1 248 | 29% | 19% | 49% |

* Заокружени проценти

** Доминантна под-мерки:

101: 50% + 25% овоштарници отворено поле зеленчук + 22% лозја + 3% 4 други сектори

302: 33% од мал обем на производството на храна + 33% руралниот туризам

**Причини за одбивање поради некомплетност:**

Анализата покажува долга листа на потребни документи кои ги нема. Во многу случаи повеќе од 1 документ недостасува или нецелосни (на пример недостаток во Бизнис планот).

Во сите мерки многу документи се исчезнати "официјален" документи како што се:

- Копија од катастарски план
- Градежна дозвола
- Доказ за сопственост
- Доказ за образование

Исто така и следниве документи се исчезнати или нецелосни:

- Понуда
- Бизнис план
- Форма за апликација
- Листа на вработени

За мерка 101 листа на документи кои недостасуваат:

- Предлог технички проект / технички предлог проект
- Неподмирени обврски кон МЗШВ
- Понуда/Договор/Фактура
- Копија од катастарски план
- Договор за закуп на земјиштето
- Форма за апликација
- Имотен лист

Листите се премногу различни за да се добие топ 5 причини одбивање за М 103 и М 302.

Деталите на фреквенцијата на документи кои не се доставени или беа доставени несоодветни документи во однос на некомплетност по мерка, се претставени во Прилог 1 на овој извештај.

**Причини за одбивање поради неприфатливост:**

Најмногу наведени причини за трите мерки се:

101:

- Далеку од повеќето споменати причини е фактот дека апликантот е должник на МЗШВ и / или други јавни фондови.
- Снабдувачите не се независни
- Вкупните прифатливи трошоци се под минималната

- Предложените инвестиции не се економски оправдани во бизнис планот или во нацрт-технички проект

103:

Причините се различни, но најчесто е наведен фактот дека апликантот не ги исполнува условите, бидејќи не е класифициран како мало и средно претпријатие

302 (прв повик ):

-барателот се откажал од своето барање
-Седиште на барателот не се наоѓа во рурална област
-Земјиште/објект не е во сопственост на барателот и не се наоѓа во рурална област
-Капацитет на инвестиции надминува максималниот капацитет од 70 лица (туризам)
Забелешки:
-вреди да се спомне дека во неколку случаи кандидатите ги повлекле барањате или не ги пријавиле своите побарувања (не е за квалификација).
Во мерката 302 споменатите причини може да се најдат само во првиот повик (01/2013). Другите повици не покажуваат доминантни причини за одбивање.

### 3.2.3 Статус и активности превземени од страна на НАО и НФ за подобрување на функционирањето на системот

По донесувањето на Одлуката за доделување на правото за управување со петтата ИПА Компонента, донесена од страна на Европската Комисија на 18ти декември 2009 година, НАО редовно го следи функционирањето на системот за управување и контрола со цел да се подобри имплементацијата на ИПАРД Програмата и да се подобри апсорпцијата на средствата. Исто така, постојано се прават напори да се развијат соодветни структурни решенија за зајакнување на надзорната улога на Националниот координатор за авторизација и менаџмент. Активностите превземени од ИПАРД структурата за подобрување на функционалноста на децентрализираниот систем се презентирани во продолжение.

**Верификациски посети**

Во согласност со Годишниот план за Верификациски посети за 2015 година, четири верификациски посети беа планирани и реализирани. Според ова, Годишниот план е целосно реализиран. Верификациските посети спроведени во текот на 2015 година во ИПАРД оперативната структура беа спроведени со цел да се добијат информации дали институциите соодветно ги извршуваат своите одговорности и да се процени дали системот за управување и контрола ефективно функционира.

<u>Верификациска посета во ИПАРД Агенција</u>

Во согласност со Годишниот План за Верификациски Посети за 2015, две верификациски посети беа спроведени во ИПАРД Агенцијата во периодот јули – декември 2015 година.

Првата верификациска посета беше спроведена со цел да се направи надзор дали Оперативната структура продолжува да ги исполнува Акредитациските критериуми. Целта на Верификациската посета беше да се изврши проценка дали Оперативната структура за ИПА Компонента V (Тело за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенција) ги исполнуваат условите, односно барањата на Анекс Б (Внатрешна контролна рамка) од Рамковната спогодба за ИПА 2 и дополнително утврдените барања согласно Секторската спогодба за ИПАРД 2. Детален опис на наодите и состојбите од верификациската посета може да се најдат во рамки на Барањето за доделување на правото за имплементација на специфични мерки во рамки на Програмата за рурален развој (2014-2020) за Република Македонија во рамки на Инструментот за претпристапна помош – ИПА 2, доставено со допис бр. 10-8454/2 од 27ми јули 2015 година.

Втората верификациска посета во ИПАРД Агенција беше спроведена на ниво на проекти по извршена исплата за трошоци кои треба да бидат декларирани до ЕК за третиот квартал од 2015 година. Целта на верификациската посета беше да се направи надзор на системот за управување и контрола и да се утврди дали истиот функционира ефективно и ефикасно, како и да се утврди дали извршените плаќања до крајните корисници се во согласност со правилата на користење на ИПАРД средствата. Вкупниот број на проекти проверени во текот на оваа верификациска посета е 4 од 92 исплатени проекти или во апсолутен износ на исплатени трошоци проверени беа вкупно 7.448.220, 00 ЕУР од вкупно исплатени 39.860.614, 00 ЕУР или тие преставуваат 18,7% во фаза пред исплата за трет квартал 2015 година. Детален опис на наодите и препораките од верификациската посета има во Извештај бр. 10-10499/3 од 20ти јануари 2016 година.

НАО/МС ќе продолжи континуирано да го следи напредокот на преземените корективни активности од страна на ИПАРД Агенцијата.

### Подготовка на Изјавата за гаранција

Во согласност со член 17 од Рамковниот договор и член 27 од Секторската спогодба, Националниот координатор за авторизација (НАО) ќе направи годишна декларација за управување, кој ќе биде во форма на Изјава за гаранција за 2015 година и ќе биде презентирана пред Комисијата до 28ми февруари 2016година.

### Финансиски менаџмент

Во однос на финансиското управување со ИПА средствата, активностите беа редовно изведувани во текот на периодот 01ви јануари 2015 до 31ви декември 2015 година во согласност со регулативите и усвоените процедури. Секој 23ти работен ден во месецот, ИПАРД Агенција подготвува и доставува до НФ, Прогноза за парични приливи за следните 3 месеци. Во текот на периодот, националното кофинансирање за ИПАРД проектите беше правилно обезбедено.

### Табела30: Извршени плаќања – ИПА придонес во евра

| Мерка | Извршени плаќања – ИПА придонес во евра |
| --- | --- |

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мерка 101 | 272.141,90 | 183.339,62 | 107.997,23 | 309.999.24 | 1,698,936.38 | 2,572,414.37 |
| Мерка 103 | 738.499,18 | 1.004.812,67 | 366.476,57 | 0,00 | 43,125.01 | 2,152,913.43 |
| Мерка 302 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 79,154.85 | 79,154.85 |
| Мерка 501 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0.00 | 0,00 |
| Вкупно | 1.010.641,08 | 1.188.152,29 | 474.473.80 | 309.999.24 | 1,821,216.24 | 4,804,482.65 |

Извор: НФ

Трансакциите беа соодветно внесени во сметководствениот систем на Сектор за управување со средствата на ИПА и ИПАРД Агенција.

Декларациите на трошоци кои служат како Апликација за плаќање беа доставени за првиот, вториот и третиот квартал од 2015 година и за четвртиот квартал од 2014 година. Барањате за плаќање беа доставени во следниве рокови и износи:

**Табела31: Рокови и износи на плаќање**

| Декларација на трошоци | Датум на испраќање на ДнТ до ЕК | Плаќања во € | | Поврати на средства во € | | Барања за плаќање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Јавни трошоци | ИПАРД | Јавни трошоци | ИПАРД | |
| Q4 2014 | 30.01.2015 | 250.645.84 | 187.984.38 | 795.03 | 596.31 | 187.388.07 |
| Q1 2015 | 28.04.2015 | 316.060,97 | 237.045,73 | 0.00 | 0.00 | 237.045,73 |
| Q2 2015 | 28.07.2015 | 498,912.36 | 374,184.27 | 0.00 | 0.00 | 374,184.27 |
| Q3 2016 | 27.10.2015 | 647,007.78 | 485,255.84 | 60.41 | 45.31 | 485,210.52 |
| Вкупно | | 1,712,626.95 | 1,284,470.22 | 855.44 | 641.62 | 1,283,828.59 |

Извор: НФ

Од 2012 Република Македонија има пристап до СФЦ 2007 (Систем за управување на фондовите во Европските Заедници 2007 – 2013). Според тоа, Барањате за плаќање беа редовно испраќани преку СФ 2007 од страна на Национален фонд.

Од моментот на плаќање на предфинансирањето од страна на ЕК до НФ Девизната сметка, каматата на финансирањето од Заедницата беше префрлена од страна на Народната банка на Република Македонија на НФ сметката. Каматата на НФ девизната сметка беше соодветно пресметана на месечна основа, внесена во НФ сметководствениот систем и декларирана до ЕК со поднесувањето на Апликацијата за плаќање.

Поради долгови на настанати побарување кои ЕК ги има кон институциите на Република Македонија, операции за порамнување беа изведени за дел од износите од Барањате за плаќање кои беа испратени до ЕК. Целиот износ кој беше порамнет од страна на ЕК е веќе повратен (основица), меѓутоа преостанува износ од 39,55 евра на

име камата која е изгубена и која ќе беше генерирана доколку средствата ЕК ги префрлеше на НФ ИПАРД евро сметката да се вратат од националните институции на НФ Девизната сметка.

Во текот на периодот од 01ви јануари 2015 до 31ви декември 2015, извршен е поврат на средства од 5 (пет) крајни корисници во износ од 627,72 евра (камата) и 3,853.59 евра (основица), кои беа трансферирани на НФ Девизната сметка. Во однос на ИПАРД порамнувањето на сметки за финансиските години 2011 и 2012 година , согласно добиеното писмо од ЕК Ref.Ares (2015) 182718 од 16 јануари, 2015 , ИПАРД Агенцијата направи поврат во износ од 173,993.04 евра на НФ ИПАРД сметката 28-ми декември 2015 година, чии што вратен износ се должи на финансиски корекции за проектите ПИВКО СТЕВО ДООЕЛ ( 69,668.67 евра), МАРАНЧО ДООЕЛ ( 89.908,28 ЕУР) и финансиска корекција на 14,416.09 евра за 3 - месечен рок за исплата на крајните корисници од приемот на придружната документација за 2011 и 2012 година.

Земајќи ги во предвид извршените плаќања за ИПАРД проектите, износот за изгубени средства од буџетските алокации за 2012 година за ИПАРД Програмата е 16,17милиони евра.

Сите трансакции настанати на сметките на НФ и ИПАРД Агенцијата се соодветно прикажани во сметководствената евиденција. Од моментот кога е примена првата транша од прет-финансирањето од ЕК на НФ Евро сметката, НБРМ на редовна месечна основа пресметува камата на ИПА средствата.

## 3.4.Ревизија

### (а) Внатрешна Ревизија

Оперативните структури на ИПАРД беа предмет на внатрешната ревизија во текот на 2015 од страна на Секторите/Одделенијата за Внатрешна Ревизија во рамките на секоја институција.

*Национален* Фонд- Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА

Согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за финансии (бр. 01-331/4 од 30ти јануари 2015) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа во Министерство за финансии (бр. 01-331/3 од 30ти јануари 2015) донесени од страна на Министерот за финансии, Одделението за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и за внатрешна ревизија на ЕУ - ИПА фондовите е поставено во функција на ниво на Сектор во Министерство за финансии. Со измените, Одделението за внатрешна ревизија е поделено на две Одделенија:

- Одделение за внатрешна ревизија во Министерството за финансии;
- Одделение за внатрешна ревизија на ЕУ - ИПА фондови.

Горенаведените единици го сочинуваат новосоздадениот Сектор за внатрешна ревизија во Министерството за финансии.

Согласно Годишниот план за спроведување на Внатрешната Ревизија за 2015 година од Секторот за внатрешна ревизија беше планирана и реализирана само една ревизија во НАО/Сектор за управување со ЕУ-ИПА за процесот на подготовката на Изјавата за Гаранција и мониторинг во текот на вториот квартал 2015 година. Конечниот извештај беше добиен на 24[ти] Јуни 2015 година со допис број 23-2656/4 .

*ИПАРД Агенција*

Планот за внатрешна ревизија во ИПАРД Агенција за 2015 година (бр. 32-1163/1 од 16[ти] февруари 2015 година) беше подготвен и следниве 9 внатрешни ревизорски мисии и активности беа планирани да се спроведат:

- Последователна ревизија;
- Ревизија на процесот на сметководство во 2014 година во однос на ИПАРД Програма 2007-2013;
- Ревизија на одобрување на проекти и склучување на договори за мерка 101 од ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Ревизија на контрола на лице место пред одобрување на проекти од ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Ревизија на авторизација на исплатите од ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Ревизија на точноста и комплетноста на водење на книгата на должници од ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Ревизија на известување на нерегуларности;
- Консултантски ангажман при подготвителни активности за акредитација на Мерката 301 – Подобрување и развој на руралната инфраструктура;
- Повторно спроведување на ревизија на прв Јавен повик за мерката 501 – Технича помош ИПАРД Програма 2007-2013.

Во текот на 2015 година од горенаведените 7 (седум) внатрешни ревизорски мисии се реализирани и тоа::

- Последователна ревизија;
- Ревизија на процесот на сметководство во 2014 година во однос на ИПАРД Програма 2007-2013;
- Ревизија на одобрување на проекти и склучување на договори за мерка 101 од ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Ревизија на контрола на лице место пред одобрување на проекти од ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Ревизија на точноста и комплетноста на водење на книгата на должници од ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Ревизија на известување на нерегуларности и
- Консултантски ангажман при подготвителни активности за акредитација на Мерката 301 – Подобрување и развој на руралната инфраструктура.

Следната ревизорска мисија е во тек: Ревизија на авторизација на исплатите од ИПАРД Програмата 2007-2013.

*Тело* за управување

Секторот за внатрешна ревизија во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е должен да изврши внатрешна ревизија во Телото за управување.

Годишниот план за ревизија за 2015 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предвидува две ревизорски мисии во Телото за управување:

– Ревизија на активностите преземени за дадените ревизорски наоди и препораки во Секторот за ИПАРД во периодот од 2013/2014 и
– Ревизија на работењето на Одделението за имплементација на техничка помош на ИПАРД средствата.

Од горенаведените ревизии првата ревизорска мисија беше реализирана во вториот квартал од 2015 година и Конечен извештај за истата е издаден со допис број 09-111/2 од $10^{ти}$ јули .2015 година. Втората ревизија беше реализирана во третиот квартал од 2015 година и конечниот извештај од истата е издаден со допис број 22-1153/1 од $21^{ви}$ јануари 2016 година.

**(б) Извештаи од Ревизорско тело**

Годишен извештај за ревизорска активност и Мислење за 2015 година беше издаден од Ревизорско тело на $30^{ти}$ декември 2015 година. Ревизорско тело изрази *неквалификувано мислење.* Без квалификација на мислење Ревизорско тело обрна посебно внимание на наодите разработени во Извештајот.

Ревизорското тело за ИПА во текот на јули – декември 2015 година ги издаде следните Конечни Ревизорски Извештаи за спроведени ревизии:

- Конечен Ревизорски Извештај од извршената ревизија на операции за 2015 година во ИПАРД Агенција од $23^{ти}$ ноември 2015 година;
- Конечен извештај од системска ревизија за 2015 година во НАО/НФ за ИПА Компонента V- Рурален развој од $21^{ви}$ октомври 2015 година;
- Конечен извештај од системска ревизија за 2015 година во Телото за управување со ИПАРД за ИПА Компонента V- Рурален развој од $10^{ти}$ ноември 2015 година;
- Конечен извештај од системска ревизија за 2015 година АФПЗРР за ИПА Компонента V- Рурален развој од $9^{ти}$ ноември 2015 година.

Во табелата подолу се прикажани збирните наоди и препораки, за следење на преземените активности за препораки во периодот од $1^{ви}$ јули 2015 – $31^{ви}$ декември 2015 година.

**Табела32: Табела на сумирани наоди и препораки**

| Бр. | Ревизија | Бр. на наоди | Бр. на препораки | Бр. на имплементирани препораки | Бр. на затворени наоди | Промена на рејтинг | Бр. на повторно издадени наоди со С/Р и Р/О | Препораки кои ќе бидат следени со ревизија на сметки и изјава на трошоциза 2015 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ТУ | 5 | 5 | 1 | 1 | 0 | 4 | 0 |
| 2. | ИПАРД АГЕНЦИЈА | 12 | 12 | 4 | 4 | 1 | 5 | 0 |
| 3. | НАО/НФ | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |

Извор: НФ

### (в) Согледувања и препораки на Комисијата

Република Македонија постојано е под надзор и ревизорски мисии и мисии за следење на проценката на системот на управување и контрола на спроведувањето на ИПАРД Програмата од страна на ревизорскиот тим на Генералниот Директорат за Земјоделство и Рурален развој.

Во текот на 2015 година, ГД АГРИ не одржа мисии за следење во Република Македонија. Комуникацијата со ГД АГРИ беше главно поврзана со финансиско порамнување на сметки на ИПАРД за 2014 година, како и за акредитација на мерката за Техничка Помош.

### Контрола на административните капацитети на оперативната структура

*Национален фонд* - Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА

Согласно Анализата за обем на работа (АОР) за 2016 оптималниот број на вработени во НАО/Сектор за управување со средствата од ИПА е 21 (дваесет и еден) (вклучувајќи го и НАО). Во текот на март 2015 година, 1 (еден) вработен беше пренесен од Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор во Министерството за финансии и еден државен службеник беше внатрешно прераспределен во Сектор за управување со средствата на ИПА. Во моментов, бројот на вработени е 19 (деветнаесет) (вклучувајќи го и НАО).

Затоа, се потребни дополнителни две (2) лица за исполнување на потребните позиции – Службеник за финансиско управување и Помошник раководител на Сектор за управување со средствата на ИПА. Иако оваа позиција е менаџерска, сепак не е суштински чекор во контрола на активностите и процедурите во Национален фонд.

Оваа работна позиција ќе придонесе за обезбедување на соодветна политика за замена и продолжување на активностите во рамките на Секторот, како и подобрување на управувачките активности во Секторот за управување со средствата од ИПА.

*ИПАРД Агенција*

Согласно Анализата за обем на работа за 2015 оптималниот број на вработени во ИПАРД Агенцијата е 140.

Во текот на периодот јули 2015 - декември 2015 беше реализирано едно ново вработување и еден престанок на вработување. Моментално бројот на вработени е 97. Оптималниот број на вработени се очекува да биде постигнат во текот на 2016 година, преку јавните огласи кои ќе се објават во текот на годината или преку интерни трансфери на вработени од други сектори во ИПАРД Агенција.

*Тело за управување со ИПАРД*

Согласно Анализата за обем на работа (АОР) за 2015 година оптималниот број на вработени во Телото за управување со ИПАРД е 22. Моментално бројот на вработени е 15 (вклучувајќи Раководителот на ТУ).

Раководителот на Сектор за управување со претпристапна помош за рурален развој- ИПАРД со официјален допис (бр.30-сл од 10ти март 2015 година) достави барање до Секторот за човечки ресурси во МЗШВ за реализација на следните вработувања:

- Раководител на одделение за техничка помош на ИПАРД фондови;
- Советник за за мониторин на договори (2 вработени);
- Советник за техничка подготовка и имплементација на јавните набавки;
- Советник за публицитет и комуникација;

Во текот на периодот јули 2015 – декември 2015 година во ТУ е реализирано едно вработување.

Во табелата подолу се дадени податоци во однос на човечките капацитети во 2015 година:

**Табела33: Човечки капацитети 2015**

| **Институција** | **Број на вработени на 31.12.2014** | **Потребен број на вработени согласно АОР 2015** | **Реализирани нови вработувања до 31.12.2015** | **Унапредувања на вработени до 31.12.2015** | **Напуштени позиции до 31.12.2015** | **Моментален број на вработени 31.12.2015** | **Стапка на искористеност** | **Стапка на обрт на вработени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАО/НФ | 17 | 21 | 2 | / | 0 | 19 | 90% | 0% |
| ИПАРД Агенција | 100 | 140 | 3 | / | 6 | 97 | 69% | 6% |
| Тело за управување со ИПАРД | 14 | 22 | 1 | / | 0 | 15 | 68% | 0% |
| Вкупно | 131 | 183 | 6 | 0 | 6 | 131 | 76% | 4% |

Извор: НФ

## 3.5 Резултати од извршените контроли по мерки и неправилности

### Контроли на самото место и утврдените неправилности

I. Во текот на 2015 ИПАРД Агенцијата изврши административните контроли на сите пристигнати барања. Причините за одбивање на барањето пред потпишување на предвидените договори се:

*Комплетност:*

- апликантот не доставил одговор во рок од 15 дена од денот на добиеното известување за дополнување на апликацијата;
- апликантот поднел одговор во рок од 15 дена од денот на добиеното известување за дополнување на пријавата, но дополнувањето е некомплетно или доставените документи не се валидни.

*Соодветност*

- капитална / фамилијарна врска помеѓу добавувачите или помеѓу снабдувачот и подносителот на барањето;
- пропорционално зголемување на цените на доставените понуди (надуени цени во понудите), што укажува на тоа дека понудите не се издадени од независни снабдувачи;
- предложените инвестиции не се квалификуваат во согласност со ИПАРД програмата;
- во административната обработка на барања е утврдено дека изборот за најдобра понуда е направен пред обезбедување на понудите, што укажува на тоа дека апликантот не ја почитува постапката за избор на најповолен добавувач, прво го избра снабдувачот и потоа ги набавува и останатите понуди.

Во текот на 2015 година, Секторот за одобрување на проектот откажа девет (9) договори од мерка 101 во вкупните јавни расходи од 61,456 € и сите девет се поради финансиска неможност на корисниците за реализација на инвестицијата.

Секторот за одобрување на плаќања во процесот на одобрување на побарувањата за исплата отфрли 8 побарувања и раскина 21 договори.

Причините за одбивање на барањата / откажување на договори:

- тринаесет откажани договори поради недоставено побарувањата за исплата
- две барањето се одбиени / откажани поради непочитување на утврдените рокови за инвестиции (започна реализацијата пред потпишување на договорот);

- шест барања беа одбиени / откажани поради неостварен капацитет согласно инвестицијата и несоодветни документи за докажување на потеклото на инвестициите

ИПАРД Агенцијата во 2015 година издаде две Решенија за поврат на средства.

- Во еден случај причината е преплатување
- Во еден случај административна грешка

Целосна наплата на долгот е извршена кај двата должника.

II. Во однос на контрола на самото место, Сектор за контрола на само место спроведе вкупно:

- 579 контроли на самото место пред одобрување:
    - 554 контроли на самото место на инвестициите по мерка 101
    - 10 контроли на самото место на инвестициите по мерка 103
    - 15 контроли на самото место на инвестициите по мерка 302
- 314 контроли на самото место пред исплата, од кои:
    - 310 за мерка 101
    - 1 за мерка 103
    - 3 за мерка 302
- 54 последователни контроли на лице место, од кои:
    - 51 за мерка 101
    - 3 за мерка 103

Секторот за контрола на самото место изврши 5 контроли за вградени скриени работи за време на реализацијата на инвестицијата, при што кај три корисници се утврди дека опремата која е предмет на инвестиција е од втора рака. Кај еден од нив се работи за набавен половен трактор. За утврдените неправилности доставувен е извештај за неправилности до службеникот за неправилности во рамките на Агенцијата.

### 3.6. Работа на комитет за следење на ИПАРД

Комитетот за следење на ИПАРД е формиран во согласност со член 36 од ИПА Рамковниот договор со министерската одлука бр. 02-1602/1 од 6 февруари 2009. Составен е од 24 членови со право на глас, вклучувајќи го и претседателот, претставници на владини и невладини организации. Ванчо Костадиновски -Заменик министер е претседател на МК, назначен од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со бр 30-7961/1 од 11.09.2014.

Мониторинг комитетот одржа два состанока во периодот на известување, 16-ти и 17-ти состанок.

На 16-от состанок одржан во Скопје во јули 2015, беше усвоен нацрт записникот од 15-от ИПАРД МК и беа донесени заклучоци кои треба да бидат имплементирани од страна на Агенцијата и Телото за управување. Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи ТУ да формира работна група со претставници од МЖС , АХВ за усогласување на процедурите за промените кои ќе произлезат од законот за легализација на фарми на земјоделско и градежно земјиште.

Исто така Комитетот за следење на ИПАРД, по предлог на претставникот на АППРМ, ги задолжи ТУ и Агенцијата да продолжат со интензивни обики за консултантите од АППРМ за ИПАРД проекти. Комитетот за следење со ИПАРД по предлог на претсавникот на ЕК, ги задолжи ТУ и Агенцијата да се одржат обуки за мерка 302 , пред секој јавен повик. Комитетот за следење на ИПАРД, го задолжи ТУ да свика состанок со претставници од Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС и Агенцијата, во врска со прогресот на акредитација на на мерката Рурална инфраструктура. Заклучоците од 16ти Комитет за следење на ИПАРД се реализирани од страна на Телото за управување со ИПАРД и Агенцијата, а извештај за спроведеното е доставен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД.

На 17-ти состанок одржан во Скопје во февруари 2016, беше усвоен нацрт записникот од 16ти ИПАРД МК и Годишниот Комуникациски план за 2016. На состанокот членовите се информираа за одлуките/заклучоците донесени на 16ти ИПАРД МК, за измените на Секторската спогодба, за функционирање на системот за управување и контрола, за планот за комуникација и публицитет и за тековната евалуација на ИПАРД Програмата. Донесен беше еден заклучок кој Телото за управување со ИПАРД треба да го имплементира до крајот на јуни 2016: Комитетот го задолжи Телото за управување со ИПАРД да направи детална анализа за причините за одбивање на проектите до крајот на јуни, 2016.

## 3.7 Превземени активности за публицитет и информации

### *Ажурирање на интернет страната www.ipard.gov.mk*

Поради технички проблеми со ажурирање на веб страницата www.ipard.gov.mk, истата се ре-дизајнираше во текотот на 2015. Главната цел е да се развие попристапна веб-страница за потенцијалните корисници како и на пошироката јавност.

### *Годишен објавување на листа на корисници од ИПАРД програмата*

Предвидените активност во согласност со Акциониот план за комуникација и публицитет за 2015 година за објавување на листата на корисници на ИПАРД

програмата беше спроведена од страна на ИПАРД Агенцијата, како надлежен орган за спроведување на оваа активност. Листата на корисници кои склучиле договор со ИПАРД Агенцијата за користење на средства од ИПАРД беше објавен на веб-сајтот wwwipard.pa.gov.mk.

***Работилници и семинари***

Во периодот од 01.02.2015 и 03.04.2015 во соработка со ИПАРД Агенцијата, ТУ организирани обуки за советниците од АПРЗ во шест регионални канцеларии во Скопје, Битола, Тетово, Струмица, Штип и Куманово. Беа одржани еднодневни обуки со практични примери на добри барања, како и обуки за подготовка на технички предлог проект. На 22.07.2015 во МЗШВ, се одржа работилница на тема "Научени лекции и искуства" наменета за градоначалници во рамките на Твининг проектот за инвестиции во руралната инфраструктура на која претставниците од ТУ ИПАРД имаа презентација за новата мерка која е составен дел од ИПАРД Програмата II. Во периодот од 18-20.11.2015 пет претставници на ТУ, учествуваа на работилници за подготовка на мерка лидер, во организација на проектот "Воведување на нови ИПАРД мерки што треба да се реализира во рамки на ИПАРД II ".

***Организација на ИПАРД инфо денови***

Во врска со публицитет на ИПАРД Програмата, ТУ организира и учествуваше во 36 информативни дена. Инфо денови се одржа во август, септември, октомври и декември во следните општини и градови: Брвеница Челопек, Босилово, Радовиш, Конче, Подареш, Богданци, с. Стојаково, Ресен и с.Подмочани, Царев Двор, Валандово, Дојран, Демир Хисар и с.Шемшево, Јегуновце, Теарце и Слатина, Росоман, Градско, Штип, Берово и Делчево. Звегор, Разловци, Македонска Каменица со Саса, Липково и с.Оризари, Новаци, Кривогаштани, Кавадарци, Куманово, Гевгелија, Кочани, Тетово, Прилеп, Битола. Инфо денови беа организирани во соработка со АПРЗ, ИПАРД Агенцијата и Министерството за земјоделство, здруженијата на земјоделци, општините и комерцијалните банки. Учесниците беа информирани за ИПАРД Програмата 2007-2013, новата ИПАРД II Програма како и за Гарантниот фонд. Претставници на ТУ во јуни и Јули учествуваа на тематски работилници во организација на Националната рурална мрежа на која беше презентирана и М302.

***Појавувања на национални и локални радио и телевизии, дневни весници и интернет портали***

Повеќе области од ИПАРД Програмата, информации за истата, можностите кои ги нуди, беа обработени како теми на емисии на јавните,пишаните и електронските медиуми. Соодветно одговорните лица во ИПАРД Структурите земаа учество во емисии, како на Националната така и на локалните телевизиии и радија. Нивните изјави и интервјуа беа публикувани во пишаните и електронските медиуми. Над 140

вакви настани се забележани во текот на 2015 година, а многу поголем е бројот на објавени тесктови во пишаните и електронски медиуми.

## 4. Заклучоци

Во спроведувањето на ИПАРД Програмата во 2015 година, има подобрување на повеќе нивоа, како во бројот на примени барања, бројот на потпишани договори така и средства исплатени од ЕУ фондовите. Имено, бројот на барања примени на двата јавни повици објавени во 2015 година, претставува 40% од сите барања примени на сите дванаесет повици. Бројот на склучените договори за ИПАРД кофинансирање се зголеми од 192 во 2014 година на 439 склучени договори во 2015. Исто така, финансиското спроведување е подобрено, така да ако во 2014 година од ЕУ фондовите кон крајните корисници беа исплатени околу 300.000 евра, во 2015 година, беа исплатени повеќе од 1,8 милиони евра, ЕУ средства. Бележиме позитивен тренд на стапката на одобрување, така што од јавните повици 01/2014 и 02/2014 кај проектите кои биле 2015 година, имаме досега највисока стапка на одобрување 58% од сите барања од 01/2014 и 59% од сите добиени барања на јавен повик 02/2014 резултираа со договори.

Сепак, вкупните перформанси на спроведувањето на програмата не се на задоволително ниво што резултира со поврат на средства.

Капацитетите на човечките ресурси во ИПАРД Агенцијата и временската рамка за обработка и на барањата за ко-финансирање и на барањата за исплата, останува едно од критичните прашања. Згора на тоа, во ИПАРД Агенцијата се добиени голем број на многу барања со мали инвестиции за М101, и без оглед на износот, тие мора да поминат иста проверка за одобрување / контрола /плаќање како и голем проект, типичен за М103. Но, само неколку од големите типични проекти се појавуваат во рамките на М103 и интересот за оваа мерка од страна на индустријата за преработка не е зголемен; само 6% од сите добиени барања се за мерката 103. И ако ја споредиме М101 и М103 во однос на исплатени средствата, во М101 се платени 424 проекти во износ од 2,5 милиони евра (само ЕУ средства), а во М103, на кофинансираниот износот е 2,1 милиони евра за 25 проекти. Јасно е дека на апсорпцијата може драстично да се подобри само со поголеми проекти и поголем интерес од преработувачката индустрија. Во М302 можеме да кажеме дека има некое многу мало подобрување, особено ако се земе во предвид дека во претходните години, оваа мерка не се реализираше или имаше само 5,3% стапка на прифаќање и истата се зголеми на 34% на прифатените проекти. Овие податоци сепак се далеку од задоволителни.

На секторско ниво на програмата, во М101 и М103, секторите за овошје и зеленчук се доминантни во однос на барања / договори / плаќања. Искористеност на буџетот наменет за млеко и секторот за месо во двете мерки е под 10%. Иако во М101 стапка на одбивање се намалува, сепак бројот на барања со неквалитетни бизнис планови и предлог технички проекти е значаен процент од бројот на одбиени барања, што би требало да биде понатамошена фокус-точка на АПРЗ и други видови на помош за земјоделците во подготовката на апликацијата.

Анализите покажуваат дека барателите се уште прават грешки во прибирање на понуди. Намален е бројот на грешки поврзани со "три независни понуди", но сега барателите прават грешки во документите кои се содржани во понудата.
Потфрлањето во М103 е прашање што треба да се разгледа и треба да се изврши понатамошна подетална анализа за малиот интерес за користење на ИПАРД фондовите во оваа мерка. За М302 беше очигледно дека во предходните години на потенцијалните корисници не се добро информирани, затоа што, обично во деновите за информирање фокусот беше ставен на М101. Некои активности за публицитет на М302 веќе се преземени, но тие треба понатаму да се интензивираат.

За 2016 година најголем предизвик е да се направи добра подготовка за наредниот програмски период ИПАРД 2014-2020 година.

ТУ и Платежната агенција треба да обезбедат зголемено покривање при подршаката за барањата во текот на фазата на подготовка, со донесување технички (скрининг) теренски посети на општините. Исто така, како што беше препорачано од страна на независни оценувачи, информативните активностите треба да бидат повеќе фокусирани на секој потсектор, особено оние кои се помалку застапени во овој програмски период, како што се производство и примарна обработка на млеко и месо.

Материјалите за комуникација - упатства за корисниците, сетови за самооценување, адаптации на документи кои се потребни според редовните правни постапки и избегнување на вишокот на документација се клучни моменти ако сакаме подобри резултати во ИПАРД 2014-2020. Воведување на опцијата “Стандарни трошоци“ (финансирање со рамна стапка, стандардни износи по единица трошок, паушали) треба да биде, исто така, приоритет во спроведувањето на следната ИПАРД Програма 2014-2020.

# Прилог 1:

*Мерка 101*

Во мерката 101, кај општите документи, анализата покажува дека во 161 случај, апликантот не доставил доказ за подмирени обврски кон МЗШВ, 159 барања се доставени со неквалитетен Технички предлог проект. Проблемот што се појавуваше константно во минатиов пероид, трите понуди се јавува само во 57 барања, но во 157 барања каде понудите биле независни една од друга, апликантите не доставиле соодветни документи кои одат во прилог на понудата или доставиле документи со погрешни податоци(понуда,договор,фактура-општи трошоци).

Сепак, анализата покажува дека во најголем број, земјоделците ги немаат решено имотно правните односи па така во 133 барања, апликантот не доставил Имотен лист и во 132 барања не обезбедил Копија од катастарски план.

Во 152 барања, земјоделците не доставиле доказ за користење на земјиштетото кое го обработиваат, било да е тоа договор за закуп или за концесија. Земјоделците склучиле само усмен договор кој потоа не го официјализирале на нотар и од тие причини не можеле да го достават бараниот документ.

Во 107 одбиени барања, барателите не доставиле список или книга на основни средства. Ова не е главна причина за одбивање на апликација, во сите 107 вакви барања недостасувале и други документи, но сепак ја наведуваме како документ кој Агенцијата го побарува во склоп со останатите.

Од посебните документи, кои ги побарува Агенцијата, апликантите во 49 барања не доставиле Записник за старост на сортата(кај лозови и овошни насади). 47 апликанти за систем капка по капка не доставиле скица на разводна мрежа за наводнување и 30 немале склучено договор за испорака на вода за наводнување. И покрај тоа што инвестицијата била неприфатлива според ИПАРД Програмата 46 апликанти аплицирале и биле одбиени. Во градинираското производство, 33 апликанти аплицирале без да достават План за плодоред.

*Мерка 103*

Кај мерката 103, зачестеноста на општите документи кои недостасувале е некако рамномерно распоредена, но во најголем број на барања (25) не е доставена Листа на вработени. 22 апликанти не доставиле доказ за подмирени обврски кон МЗШВ и исто толку апликанти доставиле неквалитетен деловен план. Во поглед на понидите, 22 апликанти доставиле понуди со невалидни документи и 16 не доставиле три понуди за инвестиции над 10 000€. Во 34 проекти се јавуваат пробелми со банкит, 16 апликанти не доставиле извод од банкарска сметка и 18 не набавиле потврда за подмирени

обврски кон соодветната банка. Одобрение за градба/конструкција и реконструција не доставиле 21 апликант.

Во 42 случаи, Агенцијата утврдила дека инвестицијата за која се побарува средства е неприфатлива за инвестирање. 18 инвеститори ја повлекле апликацијата пред потпишување на договор поради недостиг на финансиски средства и 16 не ги исполниле обврските од областа на безбедност и здравје при работа.

*Мерка 302*

Во 67 барања, подносителите во прилог на понудите доставиле несоодветни документи и ако на тоа се додаде 43 барања со несоодветни независни понуди, доаѓаме до бројка од 110 барања кои биле одбиени поради недостатоци со понудите. 55 баратели доставиле неквалитетен деловен план. Покрај ова, 54 апликанти погрешиле и при пополнување на барањето. Должници кон МЗШВ се јавуваат во 46 барања и исто толку апликанти имале порблем со набавка на Имотен лист. Одобрение за конструкција/реконструкција не набавиле 41 барател.

Во поглед на посебните документи, 34 апликанти не доставиле Одобрен елаборат за заштита на животната средина, еден помалку,односно 33 не ги постигнале стандардите од областа на безбедноста и здравјето при работа. Доказ за сопственичка струкатура на добавувачот не обезбедиле 32 баратели и 28 баратели не доставиле Акционерска книга на претпријатието-добавувач. 31 барател не доставиле листа со број на вработени лица, а 27 немале изјава за земја на потекло на опремата.

Табела 34: Анализа на општи и посебни документи кои недостасуваат при аплицирање во М101

| Бр. | ОПШТИ ДОКУМЕНТИ | 01/2013 | 01/2014 | 02/ 2014 | 01/2015 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Барање | 37 | 27 | 15 | 17 | 96 |
| 2 | Лична карта или пасош | 5 | 5 | 6 | 4 | 20 |
| 3 | Тековна состојба | 4 | 1 | 2 | 3 | 10 |
| 4 | Статус на индивидуален земјоделец | 18 | 11 | 8 | 3 | 40 |
| 5 | Потврда за редовен работен однос на барателот | 5 | 12 | 2 | 3 | 22 |
| 6 | Договор за работа | | | | | 0 |
| 7 | Потврда за остварување на право за пензија | 1 | | | | 1 |
| 8 | Извод од банка за уплатени пензиски примања | 8 | | | | 8 |
| 9 | Потврда за семејно земјоделско стопанство | 9 | 12 | 4 | 5 | 30 |
| 10 | Средно Образование | 36 | 17 | 11 | 9 | 73 |
| 11 | Потврда за пријавени производни капацитети | 55 | 24 | 10 | 9 | 98 |
| 12 | Барателот не е во постапка на стечај | 9 | 15 | 13 | 4 | 41 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Барателот не е во постапка на ликвидација | 9 | 15 | 13 | 4 | 41 |
| 14 | Потврда за редовен работен однос | 2 | | | | 2 |
| 15 | **Неподмирени обврски кон МЗШВ** | **53** | **47** | **25** | **36** | **161** |
| 16 | Инвестицијата е во согласност со ЛЕР | 33 | 19 | 9 | 14 | 75 |
| 17 | **Технички предлог проект** | **75** | **40** | **23** | **21** | **159** |
| 18 | Книга на основни средства | 51 | 23 | 17 | 16 | 107 |
| 19 | Имотен лист | 54 | 44 | 18 | 17 | 133 |
| 20 | Поседовен лист | 6 | 4 | 8 | | 18 |
| 21 | Договор за закуп на земјиште | 39 | 31 | 10 | 22 | 102 |
| 22 | Договор за концесија на земјиште | 21 | 10 | 10 | 12 | 53 |
| 23 | Измирени обврски кон банка | 7 | 8 | 7 | | 22 |
| 24 | **Понуда/Договор/Фактура-општи трошоци** | **59** | **49** | **27** | **22** | **157** |
| 25 | Извод од банкарска сметка | 3 | 3 | 3 | 2 | 11 |
| 26 | **Три понуди** | **24** | **5** | **11** | **17** | **57** |
| 27 | Копија од катастарски план | 63 | 32 | 18 | 19 | 132 |
| 28 | Подмирени обврски кон УЈП | 21 | 33 | 18 | 14 | 86 |
| 29 | Деловен план | | | | 3 | 3 |
| 30 | Геодетски елаборат | 21 | 12 | 8 | 4 | 45 |
| | ПОСЕБНИ ДОКУМЕНТИ | | | | | |
| 31 | Потв рда за упис во Националниот регистар на лозови насади | 5 | 1 | 8 | | 14 |
| 32 | Скица/шема на разводна мрежа за наводнување | 14 | 7 | 21 | 5 | 47 |
| 33 | Право на продавање на садници и саден материјал | 2 | 5 | 3 | | 10 |
| 34 | Одобрение за конструкција /реконструкција /адаптација /доградба /надградба | 3 | 3 | 4 | 3 | 13 |
| 36 | Исполнување на обврските од областа на безбедноста и здравје при работа | 9 | 5 | 3 | 4 | 21 |
| 37 | А / Б-интегрирана еколошка дозвола | 4 | 5 | 9 | 2 | 20 |
| 38 | Ревидирана проектна документација -копија | 2 | 8 | 3 | | 13 |
| 39 | Договор за испорака на вода за наводнување | 6 | 9 | 15 | | 30 |
| 40 | Инвестиција под 3000 евра | 12 | | 3 | | 15 |
| 41 | Записник за старост на сорта | 24 | 16 | 7 | 2 | 49 |
| 42 | Корисникот се повлекува поради недостиг на финансиски средства | 5 | 5 | 6 | 7 | 23 |
| 43 | Поголема површина од 50ха | 1 | | 4 | | 5 |
| 44 | Барњето е стигнато по истекот на рокот | 3 | 1 | 3 | | 7 |
| 45 | Неприфатлива инвестиција | 2 | 20 | 13 | 11 | 46 |
| 46 | Записник за воведунање во владение | 2 | 1 | 6 | | 9 |
| 47 | Минимум површина | 5 | 5 | 1 | | 11 |
| 48 | Земја на потекло | 2 | 12 | 11 | 5 | 30 |
| 50 | Две барања на еден јавен повик за иста инвестиција | 1 | | | | 1 |
| 51 | Раскинати договори поради ненавремено доставување на барање за исплата | | 8 | | | 8 |
| 52 | План за плодоред | 5 | 8 | 9 | 11 | 33 |

Извор: Анализа на ТУ 2015

## Табела 35: Анализа на општи и посебни документи кои недостасуваат при аплицирање во М103

| Бр. | ОПШТИ ДОКУМЕНТИ | 01/2013 | 01/2014 | 02/ 2014 | 01/2015 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Барање | | 9 | 8 | 3 | 20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Лична карта или пасош | | 7 | 7 | 3 | 17 |
| 3 | Потврда за редовен работен однос на барателот | | 9 | 7 | 3 | 19 |
| 4 | Потврда дека барателот е регистриран ДДВ обврзник | | | 8 | 3 | 11 |
| 5 | Тековна состојба на правното лице | | 9 | 8 | 3 | 20 |
| 6 | Потврда дека правното лице не е во постапка на стечај | | 7 | 7 | 3 | 17 |
| 7 | Потврда дека правното лице не е во постапка на ликвидација | | 7 | 7 | 3 | 17 |
| 8 | Потврда за платени даноци и придонеси (УЈП) | | 9 | 8 | 3 | 20 |
| 9 | Имотен лист | | 7 | 8 | 4 | 19 |
| 10 | Договор за закуп на објект од најмалку 5 г. (опрема) или 10г. (градба) | | 7 | 7 | 3 | 17 |
| 11 | Договор за концесија на објект од најмалку 5 г.(опрема) или 10г.(градба) | | 6 | 8 | 3 | 17 |
| 12 | Листа на вработени | 7 | 9 | 9 | 3 | 21 |
| 13 | Деловен план | 6 | 9 | 7 | 3 | 19 |
| 14 | Книга на основни средства | | 10 | 7 | 3 | 20 |
| 15 | Одобрение/Решение за вршење на дејност | | 7 | 6 | 3 | 16 |
| 16 | Потврда за ЛЕР | | 9 | 5 | 3 | 17 |
| 17 | Образложение за придонес на проектот кон ЛЕР | | | 7 | 3 | 10 |
| 18 | Потврда за подмирени обврски кон МЗШВ | 6 | 8 | 8 | 3 | 19 |
| 19 | Записник за безбедност и здравје при работа | | 7 | 7 | 3 | 17 |
| 20 | Сертификат за завршена обука по хигиена на храна и заштита на животната средина | | | 7 | 3 | 10 |
| 21 | **Понуда/Договор/Фактура** | **7** | **8** | **7** | **3** | **18** |
| 22 | **Три понуди за ставки повеќе од 10.000 евра** | | **9** | **7** | **3** | **19** |
| 23 | Извод од банкарска сметка | | 9 | 7 | 3 | 19 |
| 24 | Потврда за подмирени обврски кон соодветната банка | | 9 | 9 | 3 | 21 |
| 25 | Потврда за сопственичката структура и дејноста на странските добавувачи | 6 | | 7 | 3 | 10 |
| 26 | Одобрение за конструкција/реконструкција/адаптација/доградба/наградба | 6 | 8 | 7 | 3 | 18 |
| 27 | Потврда за упис во Регистерот на производители на вино | | 6 | 7 | | 13 |
| 28 | Решение за одобрен елаборат | | 7 | | | 7 |
| 29 | А / Б-интегрирана еколошка дозвола | | 8 | | 3 | 11 |
| 30 | Поднесено барање за А / Б-интегрирана еколошка дозвола | | 8 | | 3 | 11 |
| | ПОСЕБНИ ДОКУМЕНТИ | | | | | |
| 31 | Решение за одобрен елаборат/студија за заштита на животната средина | | | | 3 | 3 |
| 32 | Исполнување на обврските од областа на безбедноста и здравје при работа | | 6 | 10 | 3 | 19 |
| 33 | Акционен план за достигнување на стандардите на Заедницата | | | | 3 | 3 |
| 34 | Пред - договори со земјоделски производители | | | 8 | | 8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 35 | Договори за откуп со земјоделски производители | | | 7 | | 7 |
| 36 | Потврда за заштита на животната средина, здравјето и благосостојба на животните, безбедност при работа | 6 | | | 3 | 9 |
| 37 | Помал број на вработени | 6 | | | | 6 |
| 38 | Недостиг на финансиски средства | 7 | 6 | 5 | | 18 |
| 39 | Вредност поголема од максималната | 6 | | | | 6 |
| 40 | Неприфатлива инвестиција | 10 | 7 | 13 | 2 | 32 |
| 41 | Барањето е стигнато по истекот на рокот | 6 | | | | 6 |

Извор: Анализа на ТУ 2015

## Табела 36: Анализа на општи и посебни документи кои недостасуваат при аплицирање во М302

| Бр. | ОПШТИ ДОКУМЕНТИ | 01/2013 | 01/ 2014 | 02/ 2014 | 01/ 2015 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Барање | 10 | 16 | 14 | 14 | 54 |
| 2 | Лична карта или пасош | 3 | 7 | 4 | 6 | 20 |
| 3 | Тековна состојба | 4 | 9 | 9 | 5 | 27 |
| 4 | Решение за статус на индивидуален земјоделец | 1 | | | | 1 |
| 5 | Потврда за редовен работен однос на барателот | 3 | 13 | | | 16 |
| 6 | Потврда дека барателот не е во редовен работен однос | | | 9 | 7 | 16 |
| 7 | Решение или потврда за остварување на правото за пензија | 1 | | | 1 | 2 |
| 8 | Извештај за уплатени пензиски примања | | | | | 0 |
| 9 | Решение за регистриран занаетчија | | | | | 0 |
| 10 | Потврда дека правното лице не е во постапка на стечај | 2 | 6 | 7 | 5 | 20 |
| 11 | Потврда дека правното лице не е во постапка на ликвидација | 2 | 7 | 7 | 5 | 21 |
| 12 | Доказ за завршено образование | 7 | 10 | 10 | 12 | 39 |
| 13 | Сертификат за завршена обука за хигиена на храна и заштита на животната средина | | 1 | | | 1 |
| 14 | Потврда дека минимум едно одговорно лице е во работен однос | | | | | 0 |
| 15 | Договор за работа со кој се докажува дека минимум едно лице е ангажирано во правниот субјект | | | | | 0 |
| 16 | Потврда за редовен работен однос на Трговецот поединец | | | | | 0 |
| 17 | Одобрение за конструкција/реконструкција/ адаптација/доградба/наградба | 11 | 10 | 8 | 12 | 41 |
| 18 | Копија од ревидирана проектна документација | 1 | | | 12 | 1 |
| 19 | Ревидирана проектна документација во електронска верзија (CD)/реконструкција/адаптација/доградба/надградба | 2 | 7 | 10 | 3 | 22 |
| 20 | Листа на број на вработени лица кај барателот | 4 | 12 | | | 16 |
| 21 | Имотен лист за земјиште/објект | 8 | 14 | 12 | 12 | 46 |
| 22 | Договор за закуп | 7 | 11 | 2 | 13 | 33 |
| 23 | Договор за концесија на објект во сопственост на Република Македонија | 4 | 3 | | 10 | 17 |
| 24 | Потврда дека инвестицијата е во согласност со ЛЕР | 5 | 15 | 10 | 9 | 39 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Деловен план | 13 | 17 | 11 | 14 | 55 |
| 26 | Технички предлог проект | | | 3 | | 3 |
| 26 | Понуда/договор/фактура | 17 | 20 | 15 | 15 | 67 |
| 27 | 3 понуди од различни добавувачи | 13 | 5 | 10 | 15 | 43 |
| 28 | Извод од банкарска сметка со печат и потпис од банката | 3 | | | | 3 |
| 29 | Потврда дека барателот нема неподмирени обврски кон МЗШВ | 9 | 13 | 12 | 12 | 46 |
| 30 | Потврда УЈП | | 3 | 11 | 12 | 26 |
| 31 | Доказ за редовно измерени обврски кон соодветната банка по основ на договор за кредит | 6 | 10 | 8 | 9 | 33 |
| 32 | Доказ со кој се потврдува сопственичката структура и дејност на странските добавувачи | 1 | 14 | | | 15 |
| 33 | Книга за основни средства | 10 | 16 | 14 | 12 | 40 |
| | **ПОСЕБНИ ДОКУМЕНТИ** | | | | | |
| 34 | Решение за одобрен елаборат/студија за заштита на животна средина | 9 | 9 | 11 | 5 | 34 |
| 35 | А/Б-интегрирана еколошка дозвола | | | | | 0 |
| 36 | Поднесено барање за издавање А/Б-интегрирана еколошка дозвола | | | | | 0 |
| 37 | Потврда за пријавени производствени капацитети во Единствениот регистар на земјоделски стопанства | 2 | | | 2 | 4 |
| 38 | Записник од Државен инспекторат за труд за исполнување на обврските од областа на безбедноста и здравјето при работа | 3 | 7 | 8 | 15 | 33 |
| 39 | Одобрение/Решение за вршење на дејност издадено од Агенција за храна и ветеринарство | | 6 | | | 6 |
| 40 | Решение за вршење на дополнителна дејност за земјоделски стопанства | | 2 | | | 2 |
| 41 | Доказ за регистрација во Комора на занаетчии | | 1 | | | 1 |
| 43 | Решение за упис во регистарот на производители на ѓубрива | | | | | 0 |
| 44 | Решение за запишано ѓубриво во листата на ѓубрива | | 1 | 2 | | 3 |
| 45 | Решение за упис во Регистарот за производство, маркетинг и трговија на големо и мало во специјализирани продавници за заштита на растенијата | | 1 | 3 | | 4 |
| 46 | Потврда за одобрување на производи за заштита на растенија | | 1 | 6 | | 7 |
| 47 | Договор за преотстапување на други шумски производи преку откупни пунктови | | | | | 0 |
| 48 | Потврда за запишување во евиденција на вршители на занаетчиска дејност | | | | | 0 |
| 49 | Одобрение за основање на установа социјална заштита со сместување и нега/дневна социјална заштита на деца | | | | | 0 |
| 50 | Доказ за вршење дејност издаден од Агенција за млади и спорт | | | | | 0 |
| 51 | Доказ за регистрација во Регистарот за производство, преработка, трговија со семе | | | | | 0 |
| 52 | Сертификат за семе/саден материјал | | | | | 0 |
| 53 | Доказ за регистрација во Регистар за производство,преработка,трговија со саден материјал | | | | | 0 |
| 54 | Скица од дистрибуциона мрежа за инвестициите кои содржат системи за наводнување | | 1 | | | 1 |
| 55 | Листа на број на вработени лица кај барателот | 8 | 5 | 10 | 8 | 31 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | Копија од катастарски план | | 1 | 2 | | 3 |
| 57 | Дозвола за користење на вода за аквакултура | 2 | 2 | 1 | | 5 |
| 59 | Доказ за складирање на отпад,третман и/или преработка на отпад | | | | | 0 |
| 60 | Доказ за регистрација за производство/трговија на репродуктивен материјал од шумски видови на дрва | | 1 | | | 1 |
| 61 | Структура на приходи по дејности на Барателот заверено со потпис и печат | | | | | 0 |
| 62 | Доказ за вршење ветеринарни активности - издадено од АХВ | | | 2 | | 2 |
| 63 | Потврда дека објектот не е регистриран како заштитено културно наследство | | 2 | 4 | | 6 |
| 64 | Потврда за пријавени производствени капацитети во Единствен регистар на земјоделски стопанства | 1 | | | | 1 |
| 65 | Мислење дека проектот е во согласност со Законот за заштита на културното наследство | 2 | 3 | | 6 | 11 |
| 66 | Архитектонски проект изготвен од страна на овластен архитект | 3 | 3 | 2 | 7 | 15 |
| 67 | Решение за категоризација на угостителски објекти | | | | | 0 |
| 68 | Доказ за сопственичка структура на добавувач | 6 | 4 | 10 | 12 | 32 |
| 69 | Записник за исполнување на минималните-технички услови за вршење на угостителска дејност | | | | | 0 |
| 70 | Изјава за земја на потекло | 1 | 12 | 9 | 5 | 27 |
| 71 | Инвестицијата не се наоѓа на неговото постојано место на живеење | 4 | | | | 4 |
| 72 | Барателот се откажува поради недостиг на финансиски средства | 6 | 4 | | | 10 |
| 73 | Капацитетот на ресторанот изнесува повеќе од 70 гости | 4 | | | | 4 |
| 74 | Поголема површина од пропишаната (поголеми спални соби) | 1 | | | | 1 |
| 75 | Седиштето на барателот не е во рурална средина | 3 | 3 | | | 6 |
| 76 | Потврда за број на катастарски парцели | | 2 | | | 2 |
| 77 | Неприфатлива инвестиција | 1 | 1 | | 2 | 4 |
| 78 | Договор за отуѓување на градежно земјиште | | 1 | | | 1 |
| 79 | Листа на акционери и добавувачи | | 13 | | | 13 |
| 80 | Лиценца за изведувач | | 7 | 6 | | 13 |
| 81 | Договор за подизведувач | | 3 | | | 3 |
| 82 | Решение за промена на инвеститор | | 6 | 7 | | 13 |
| 83 | Преддоговор за производители | | 7 | | | 7 |
| 84 | Времена состојба/ситуација | | 6 | | 11 | 17 |
| 85 | Ненавремено доставување на барањето за исплата | | | | | 0 |
| 86 | Различна локација на инвестицијата од седиштето на фирмата | | 1 | 5 | | 6 |
| 87 | Поради недостиг на финансиски средства барателот се отказува | | | 5 | 3 | 8 |
| 88 | Акционерска книга на добавувачи | | | 14 | 14 | 28 |

Извор: Анализа на ТУ 2015

# Прилог 2:

Финансиски тебели за спроведување на ИПАРД Програмата

Статус: 31.12.2015

# Прилог 3:

Индикативни Табели за мониторинг и евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013

Статус: 31.12.2015

# Прилог 4:

ИПАРД..................... Проверки извршени на лице-место(on-the-spot) во периодот 2015
статус: 31.12.2015

| Чл, 20 од Секторскиот договор | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| a | b | c | d | e | f = e/c | g |
| Measures | Code | Склучени соодветни трошоци | Опфатени корисници | Трошоци покриени од страна на проверката на лице место | Процент на проверени соодветни трошоци | Број на проверени корисници |
| Инвестиции во земјоделски стопанства | 101 | 3,337,058 | 416 | 3,337,058 | 100% | 416 |
| Поддршка за воспоставување на групи на производители | 102 | | | | | |
| Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи | 103 | 846,643 | 8 | 846,643 | 100% | 8 |
| Активности за подобрување на животната средина на село | 201 | | | | | |
| Подготовка и имплементација на стратегии за локален рурален развој | 202 | | | | | |
| Подобрување и развој на руралната инфраструктура | 301 | | | | | |
| Диверзификација и развој на руралните економски активности | 302 | 1,077,603 | 15 | 1,077,603 | 100% | 15 |
| Подобрување на обуките | 303 | | | | | |
| Техничка помош | 501 | | | | | |
| **Вкупно** | | 5,261,304 | 439 | 5,261,304 | 100% | 439 |

ИПАРД .................... последователни контроли извршени во текот на периодот 2015

статус: 31.12.2015

| Член 21 од Секторскиот договор | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| a | b | c | d | e | f = e/c | g |
| Measures | Код | Прифатливи трошоци врз основа на конечна исплата | Број на корисниците (извршени контроли) | Наплатени трошоци од последователни контроли [2] | Процент на проверени соодветни трошоци | Број на проверени корисници |
| Инвестиции во земјоделски стопанства | 101 | 2,265,289 | 273 | 323,175 | 14% | 51 |
| Поддршка за воспоставување на групи на производители | 102 | | | | | |
| Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи | 103 | 57,500 | 1 | 315,684 | 549% | 3 |
| Активности за подобрување на животната средина на село | 201 | | | | | |
| Подготовка и имплементација на стратегии за локален рурален развој | 202 | | | | | |
| Подобрување и развој на руралната инфраструктура | 301 | | | | | |
| Диверзификација и развој на руралните економски активности | 302 | 105,540 | 3 | 0 | 0% | 0 |
| Подобрување на обуките | 303 | | | | | |
| Техничка помош | 501 | | | | | |
| Вкупно | | 2,428,329 | 277 | 638,859 | 26% | 54 |

[2] Последователните контроли беа изведени на инвестиции исплатени во текот на 2011, 2012, 2013 и 2014 година